3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кичево“.
4. Примерок од Заклучокот да се достави до Секторот за финансирање и буџет на Општина Кичево и архивата на Советот на Општина Кичево.

Број 08-614/22 Советот на Општина Кичево
14.03.2022 год. Претседател,
Кичево Скендер Џабири с.р.

Në bazë të nenit 36 pika 1 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/02) dhe neni 23 nga Statuti i Komunës së Kërçovës (“Fletorja zyrtare e Komunës së Kërçovës” nr.09/2013), Këshilli i Komunës së Kërçovës në mbledhje e 7-të e mbajtur më dt.14.03.2022 e shqyrtoi Raportit nga Komisioni për regjistrim për vitin 2021 të Komunës së Kërçovës, dhe pas diskutimit të mbajtur, solli:

**K O N K L U Z I O N**
**për miratimin e Raportit nga Komisioni për regjistrim për vitin 2021 të Komunës së Kërçovës**

1. Me këtë Konkluzion miratohet Raportit nga Komisioni për regjistrim për vitin 2021 të Komunës së Kërçovës.
2. Raporti i miratuar nga pika 1 e këtij Konkluzioni është pjesë përbërse e Konkluzionit, nuk shpallet në “Fletoren zyrtare të Komunës së Kërçovës”, ndërsa ruhet në arkivin e Këshillit të Komunës së Kërçovës.
3. Konkluzioni hyn në fuqi në ditën e sjelljes, dhe do të shpallet në “Fletore zyrtare të Komunës së Kërçovës”.
4. Kopje nga Konkluzioni, të dorëzohet te Sektori për financa dhe buxhet i Komunës së Kërçovës dhe arkivi i Këshillit të Komunës së Kërçovës.

Nr. 08-614/22 Këshilli i Komunës së Kërçovës
14.03.2022 Kryetar,
Kërçovë Skender Xhabiri d.v.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 55 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Кичево (“Службен гласник на Општина Кичево“ бр.09/13), Градоначалникот на Општина Кичево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево 2022-2026 година**

1. Се прогласува Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево 2022-2026 година, 08-614/23, што Советот на Општина Кичево ја донесе на 7-та седница, одржана на 14.03.2022 година.
2. Заклучокот да се објави во “Службен гласник на Општина Кичево“ на македонски и албански јазик.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кичево”.

Број 09-738/21 Општина Кичево
18.03.2022 год. Градоначалник,
Кичево Фатмир Дехари с.р.

Në bazë të nenit 50, paragrafi 1, pika 3 të Ligjit për vetëqeverisje lokale (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.5/02) dhe neni 55, paragrafi 1, alinea 3 nga Statuti i Komunës së Kërçovës (“Fletorja zyrtare e Komunës së Kërçovës” nr.09/13), Kryetari i Komunës së Kërçovës, solli:

**K O N K L U Z I O N**
**për shpalljen e Planit Strategjik për zvoglimin e rreziqeve nga katastrofat në Komunën e Kërçovës 2022-2026**

1. Shpallet Planit Strategjik për zvoglimin e rreziqeve nga katastrofat në Komunën e Kërçovës 2022-2026, nr.08-614/23, të cilin Këshilli i Komunës së Kërçovës e solli në mbledhjen e 7-të, mbajtur më dt.14.03.2022.
2. Konkluzioni të shpallet në “Fletoren zyrtare të Komunës së Kërçovës” në gjuhën maqedonase dhe shqipe.
3. Konkluzioni hyn në fuqi me ditën e sjelljes dhe do të shpallet në “Fletoren zyrtare të Komunës së Kërçovës”.

Nr. 09-738/21 Komuna e Kërçovës
18.03.2022 Kryetar,
Kërçovë Fatmir Dehari d.v.

British Embassy Skopje

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

UKaid from the British people

# Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево 2022 – 2026

Март 2022

# ПИСМО ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Катастрофалните настани како поплавите, шумските пожари, невремето проследено со град и луњи или свлекувањето на земјиштето и одрони предизвикуваат значителни последици по населението, локалната економија, општинската критична инфраструктура. Заедно со влошувањето на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, при што сѐ повеќе и повеќе луѓе ќе бидат изложени на нивните ефекти. Сето ова е дополнето со новите предизвици во поглед на зголемените опасности здравствената криза, предизвикана од пандемијата на КОВИД-19. Имајќи го сето ова во предвид, можеме да заклучиме дека општината се соочува и во наредниот период ќе се соочува со зголемен број на опасности и ризици, кои ќе влијаат врз нејзиниот одржлив и отпорен развој, погодувајќи ги граѓаните, особено најранливите (на пр. жени, млади, стари, лица со попреченост и др.), креирајќи нови социјални нееднаквости, како и последици по локалниот економски развој и останатите аспекти на општествениот живот.

Затоа, со цел за поуспешно справување со предзивиците на отпорноста, а врз основа на обврските кои општината ги има во пристапот на намалувањето на ризиците од катастрофи, го донесе Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево 2022 – 2026. Истиот има за цел да го унапреди намалувањето на ризиците од катастрофи на локално ниво, во сегментот на превенција, подготвеност, одговор и опоравок од природни катастрофи. Планот обезбедува стратешка рамка и сет на идентификувани краткорочни и среднорочни мерки и активности кои ќе обезбедат понатамошно зајакнување на отпорноста на општината и граѓаните со цел за градење на долгорочна отпорност кон постоечките и новите ризици и опасности. Стратешкиот план е резултат на спроведена анализа, истражување, виртуелни консултации со заинтересираните страни од локално ниво, како и вградување на нивните перцепции за постоечката состојба, приоритетните области, потребите и очекувањата.

Во името на Општина Кичево и нејзините жители, се заблагодарувам на поддршката за подготовката на овој стратешки документ на проектот **„Подобрен капацитет за управување со кризи на општините во Северна Македонија“ (Improved capacity for crisis response in municipalities in North Macedonia)** поддржан од Обединетото Кралство преку Владата на Обединетото Кралство, а имплементиран од страна на Институтот за демократија Социетас Цивилис од Скопје.

Градоначалник на Општина Кичево

Фатмир Дехари

Март 2022

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АД** | Акционерско друштво |
| **ГИС** | Географски информативен систем |
| **ГРЦУК** | Главен регионален центар за управување со кризи |
| **ДЗС** | Дирекција за заштита и спасување |
| **ЕЛС** | Единица на локална самоуправа |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **ЈП** | Јавно претпријатие |
| **кв** | Кило волт |
| **км²** | Квадратни километри |
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **ИМП** | Итна медицинска помош |
| **МВР СВР ОВР** | Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи Одделение за внатрешни работи Кичево |
| **МКФФИС** | Македонски информативен систем за шумски пожари |
| **мнв** | метри надморска височина |
| **м/с** | метри во секунда |
| **МТС** | Материјално-технички средства |
| **МХЕЦ** | Мала хидроелектрична централа |
| **м³** | кубни метри |
| **НРК** | Намалување на ризици и катастрофи |
| **НУС** | Неексплодирани убојити средства |
| **НШ – ШС** | ЈП Национални шуми – Шумско стопанство Лопушник |
| **ОПЦЕН** | Оперативен центар |
| **ПО ДЗС** | Подрачно одделение на Дирекција за заштита и спасување |
| **ПШС** | Подружница на шумско стопанство |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **РХБ** | Радиолошка, хемиска и биолошка |
| **РЦ** | Регионален центар |
| **РЦУК** | Регионален центар за управување со кризи |
| **РШУК** | Регионален штаб за управување со кризи |
| **СВОТ** | СВОТ Анализа означува анализа на силните страни, слабостите, можностите и заканите т.е. SWOT S-Strengths W-Weaknesses O-Opportunities T-Threats |
| **СОП** | Стандардна оперативна процедура |
| **СУК** | Систем за управување со кризи |
| **ТД** | Трговско друштво |
| **ТППЕ** | Територијална противпожарна единица |
| **ха** | Хектари |
| **УВ** | Ултравиолетово |
| **УНДРР (UNDRR)** | Канцеларија на Организацијата на Обединетите нации за катастрофи<br>The United Nations Office for Disaster Risk Reduction |
| **ЦЈЗ ОЕ** | Центар за јавно здравје Организациона единица Кичево |
| **ОО ЦК** | Општинска организација на Црвен крст |
| **ЦУК** | Центар за управување со кризи |
| **ХЕЦ** | Хидроелектро централа |
| **ШС** | Шумско стопанство |
| **ШСЕ** | Шумско стопанска единица |

# Содржина

ПИСМО ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ........ 0

КРАТЕНКИ ........ 2

1. ВОВЕД ........ 5

1.1 Кус осврт ........ 5

1.2 Пристап и методолошка рамка на стратешкиот план ........ 6

1.3 Предмет и задача на стратешкиот план ........ 7

1.4 Начела на стратешкиот план ........ 7

1.5 Вертикално и хоризонтално поврзување на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево со други документи ........ 8

2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ЛОКАЛНО НИВО ........ 9

2.1 Организација на локалната самоуправа на подрачјето на Општина Кичево ........ 9

2.2 Организација на намалувањето на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево ........ 10

2.2.1 Вовед ........ 10

2.2.3 Заштита и спасување - надлежности на Општина Кичево ........ 12

2.2.4 Противпожарна заштита на подрачјето на Општина Кичево ........ 15

2.2.5 Здравствена заштита на подрачјето на Општина Кичево ........ 15

2.2.6 Субјекти на управувањето со намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево ........ 16

3.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ........ 16

3.1 Подрачје на општината и географија ........ 16

3.1.1 Општи податоци ........ 16

3.1.2 Хидрологија, пошуменост и земјиште ........ 17

3.1.3 Климатски услови ........ 19

3.1.4 Демографски карактеристики и домување ........ 19

3.1.5 Социо-економски развој ........ 20

3.1.6 Инфраструктура ........ 20

3.1.7 Животна средина ........................................ 21

3.1.8 Образование, здравје и култура ........................................ 21

4.ПРОФИЛ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ ........................................ 22

4.1 Општо за профилот на опасности ........................................ 22

4.2 Профил на ризици и жешки точки на подрачјето на Општина Кичево ........................................ 26

4.3 Земјотреси ........................................ 27

4.4 Пожари ........................................ 27

4.5 Поплави ........................................ 28

4.6 Екстремни временски појави ........................................ 29

4.7 Загадување ........................................ 30

4.8 Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните ........................................ 30

4.9 Други опасности ........................................ 32

4.10 Проекции за идни можни климатски промени ........................................ 32

4.11 Матрица на хронични стресови и акутни шокови за подрачјето на Општина Кичево ........................................ 33

5. СВОТ АНАЛИЗА ........................................ 34

6. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ........................................ 35

7. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ........................................ 36

8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ........................................ 37

8.1. Кус осврт ........................................ 37

8.2 МАТРИЦА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2022 – 2026 ........................................ 40

9. РЕАЛИЗИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ........................................ 53

9.1 Реализирање на стратешкиот план ........................................ 53

9.2 Следење и евалуација на стратешкиот план ........................................ 54

9.3 Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево – Рамка за следење ........................................ 55

ПРИЛОГ 1 – Надлежности на Општина Кичево ........................................ 67

БИБЛИОГРАФИЈА ........................................ 69

# 1. ВОВЕД

## *1.1 Кус осврт*

Подрачјето на единицата на локалната самоуправа Кичево се наоѓа во западниот дел на Република Северна Македонија, припаѓа на југозападниот плански регион, и се карактеризира со профил на ризици и опасности кој е својствен, како за регионот, така и за државата. Согласно изработената Процена на загрозеност на подрачјето на општина Кичево од сите ризици и опасности од 2020 година[1], во профилот на опасностите доминираат поплавите, пожарите (шумските пожари), екстремните временски услови, а во помал обем се присутни и другите опасности, како што се загадувањето на водата, воздухот и почвата, опасностите поврзани со зголемениот број на мигранти и бегалци и др. Во овој контекст се и катастрофалните настани случени во минатото, како што се шумските пожари во 2007 година на планините Бистра, Баба сач, Стогово и др., поплавите или олујните невремиња проследени со град. Заедно со влошувањето на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, при што се повеќе и повеќе луѓе се изложени на нивните ефекти. Сето ова е дополнето со новите предизвици во поглед на зголемените опасности како што се мигрантската криза или пандемијата на КОВИД-19.

> Под ***отпорност*** во смислата на овој документ се подразбира способноста на системот, заедницата или општеството кои се изложени на опасности да одолеат, апсорбираат, прилагодуваат, прилагодат, трансформираат и обноват од ефектите на опасност навремено и ефикасно, вклучително и зачувување и обновување на основните структури и функции преку управувањето со ризик.
>
> Извор: Терминологија на УНДРР
> https://tinyurl.com/fv3c9zw7

Земајќи го сето ова во предвид, може да се констатира дека Општина Кичево се соочува со зголемен број на опасности и ризици кои ја слабеат неговата отпорност и на подолг рок ги исцрпуваат ресурсите и капацитетите, негативно влијаејќи на локалниот одржлив развој и сериозно погодувајќи ги граѓаните, особено најранливите (на пр. жени, млади, стари, лица со попреченост и др.). Со ова се зголемуваат предизвиците за нивно намалување и ублажување кои неопходно е да се адресираат, нагласувајќи ја потребата за ефективно и ефикасно намалување на ризиците од катастрофи на локално ниво. Во тој контекст се наметнува потребата од вметнување на стратешкото планирање на намалувањето на ризиците од катастрофи како една од основите за понатамошниот одржлив и отпорен развој на Општина Кичево. Последователно, во рамките на проектот „Подобрен капацитет за управување со кризи на општините во Северна Македонија“ (Improved capacity for crisis response in municipalities in North Macedonia) поддржан од Обединетото Кралство преку Владата на Обединетото Кралство, а имплементиран од страна на Институтот за демократија Социетас Цивилис од Скопје, во инклузивен и консултативен процес се подготви првиот ***Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи[2] на Општина Кичево***.

[1] Ажурирана Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Кичево од сите ризици и опасности од 29.01.2020 година, Совет на Општината, бр.08-378/35.
[2] Намалувањето на ризици од катастрофи во контекст на овој документ е дефинирано во дел 2, точка 2.2.1.

## 1.2 Пристап и методолошка рамка на стратешкиот план

Процесот на подготовка, изработка и усвојување на стратешкиот план ја следи постојната рамка за стратешко планирање на локално ниво во Републиката. Преку инклузивен и консултативен процес кој поради пандемијата на КОВИД-19 беше организиран виртуелно во периодот февруари – април 2021 год., при што се дискутираа и определија профилот на опасности, визијата, мисијата и целите на планот, како и приоритетите и мерките и активностите во рамките на следниот четиригодишен период значително зајакнувајќи ја отпорноста на општината. И покрај предизвиците на здравствената криза предизвикана од КОВИД-19 пандемијата, како и строгите протоколи и процедури за организирање на вакви и слични настани, се успеа во постигнување на задоволително ниво на инклузивност и партиципативност во подготовката на овој план и се воспостави пример кој како добра практика може, да и послужи на општината за подготовка и ажурирање на слични и исти документи во наредниот период.

Методолошкиот пристап за подготовка на стратешкиот план е идеално избалансиран помеѓу рамката на истражувањето и целите што треба да се постигнат со вклучување на методи и алатки за поддршка. Како резултат на тоа, врз основа на карактеристиката на задачата, се применија следниве методи на истражување:
- *Анализа на содржината* – се примени во текот на првата фаза од задачата, содржината на сите доставени стратешки планови, документи, извештаи и публикации од значење за стратешкото планирање на локално ниво беше разгледана и анализирана.
- *Компаративната анализа* се користеше за споредба на избрани решенија (концептуални, нормативни и практични) за анализа помеѓу глобалното/националното/локалното ниво за стратешки документи од овој вид.
- *Комбиниран квантитативен/квалитативен дизајн на истражувањето* – за време на задачата се применија он-лајн прашалник за заинтересираните страни од општината, полуструктурирани интервјуа со нивните претставниците, како и консултативна виртуелна фокус група.
- *Квалитативен дизајн на истражувањето* – за време на кодификацијата на добрите практики и примена на методот на триангулација за валидација на податоците од канцелариското истражување, истражувањето и консултациите.

Од аспект на следење на рамката на стратешко планирање, подготовката на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево ги содржеше следните чекори:

- Анализа на поставеноста на единицата на локална самоуправа Кичево;
- Анализа на рамката за управувањето со намалувањето на ризикот од катастрофи на локално ниво;
- СВОТ-анализа;
- Дефинирање на визијата, мисијата и целите на стратешкиот план;
- Анализа на засегнатите страни на локално ниво;
- Дефинирање на приоритетните области од стратешкиот план;
- Подготовка и усогласување на акцискиот план со мерки и активности;
- Следење и евалуација на реализацијата на стратешкиот план.

## 1.3 Предмет и задача на стратешкиот план

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево има за цел да го унапреди намалувањето на ризици од катастрофи на локално ниво, во сегментот на превенција, подготвеност, одговор и опоравок од природни катастрофи. Планот обезбедува стратешка рамка за развојот на пристапот на намалувањето на ризици од катастрофи на локално ниво, како и за преземање на низа мерки и активности кои се реални, практични и применливи и кои ќе обезбедат понатамошно зајакнување на отпорноста на општината и граѓаните со цел за градење на долгорочна отпорност кон постоечките и новите ризици и опасности на подрачјето на општината. Овој стратешки план е резултат на спроведената анализа и проценка на расположливите податоци и информации, профилираните опасности и ризици, организирањето на функционирањето на субјектите на локално и регионално ниво, истражувањето на консултантот, спроведување на виртуелните консултации со заинтересираните страни од општината, како и вградување на нивните перцепции за постоечката состојба, приоритетните области, потребите и очекувањата.

## 1.4 Начела на стратешкиот план

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се заснова на следниве начела:

***а) Начело на приоритет:*** Намалувањето на ризици од катастрофи е приоритет на национално и локално ниво.

***б) Начело на интегрирано дејствување:*** Мерките и активностите кои се спроведуваат во намалувањето на ризици од катастрофи се засновани во нормативните, институционалните и програмските рамки на субјектите на системот за управување со намалување на ризици од катастрофи.

***в) Начело на меѓусекторска соработка:*** Имплементацијата на стратешкиот план се заснова на оперативни постапки, комуникација, координација и соработка на субјектите кои учествуваат во намалувањето на ризици од катастрофи и се врши во духот на меѓусекторската соработка и партнерство.

***г) Начело на рамноправност и заштита на човечките права:*** Во рамките на реализацијата на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за подрачјето на општина Кичево, ќе се води грижа за почитување на начелото на рамноправност на половите, при што ниту една мерка или активност не треба да доведе до загрозување на истото. Исто така, мерките и активностите треба да се засноваат на почитувањето на основните човечки права и треба да бидат достапни до сите категории на граѓани, вклучувајќи ги и ранливите групи (жените, лицата со попреченост, младите, старите, етничките заедници и сл.).

***д) Начело на информирање на јавноста:*** Единицата на локална самоуправа Кичево во согласност со утврдената процедура навремено и целосно ќе ја информира јавноста за аспектите на намалувањето на ризици од катастрофи, релевантните информации и податоци за опасностите и ризиците, како и мерките и активностите за заштита од нивните последици, одговор и опоравок вклучувајќи ги и граѓаните.

## *1.5 Вертикално и хоризонтално поврзување на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево со други документи*

Како стратешки-акционен документ за подобрување на отпорноста и намалувањето на ризиците од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево, овој стратешки план е заснован врз постоечката законодавна рамка на управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи и ги следи глобалните, националните, регионалните и локалните стратешки документи, програми и планови.

- ***Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за Општина Кичево и глобалната рамка за намалување на ризици од катастрофи***

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево е поврзан со современата рамка за намалувањето на ризици од катастрофи, одржлив развој и климатски промени. На тој начин придонесува за исполнување на обврските на државата кои произлегуваат од овие документи. Така на пример, во контекст ***на Рамката за намалување на ризици од катастрофи од Сендаи 2015 - 2030***[3] изработката на ваков плански документ е во контекст на исполнувањето на целите и препораките кои произлегуваат од истата, а особено на ***Цел Е: Значително зголемување на бројот на држави со национални и локални стратегии за намалување на ризици и катастрофи до 2020 год.***[4], како и четирите приоритети од оваа рамка. Во поглед на ***Целите на одржливиот развој***[5], се поддржува исполнувањето на определени цели, како и практичната имплементација на член 8 од ***Парискиот договор за климата***[6].

- ***Вертикално поврзување со националните и регионалните документи***

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево ги следи националните и регионалните стратегии и документи со цел за обезбедување на синергија при нивното реализирање. За жал, не е донесена Национална стратегија за намалување на ризици од катастрофи, како основен документ со кој ќе се воспостави стратешката рамка на управувањето со намалувањето на ризиците од катастрофи во државата. Исто така, Националната стратегија за заштита и спасување беше донесена за периодот 2014 – 2020 год., а во тек е подоготовка на нова стратегија и не можат да се ускладат мерките и активностите. Сепак, со оглед на оваа постоечка состојба, препорачливо е при евалуацијата на среден рок да се изврши ажурирање на овој план со донесената стратегија за заштита и спасување и доколку се донесе национална стратегија за НРК. Од друга страна, стратешкиот план е индиректно во корелација со други стратешки, програмски и плански документи, од поширокиот сегмент на управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи, како што се Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 со Акционен план за периодот 2021 – 2023 год., Националната стратегија за заштита на природата 2017 – 2027, Планот за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи (2017), Акциониот план за превенирање на штетните влијанија и последиците од студеното време и студените бранови врз здравјето на населението во Република Македонија (2011), Акциониот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз

[3] https://www.preventionweb.net/files/43291_sendaiframeworkfordrren.pdf
[4] Во Рамката од Сендаи рокот за оваа цел е наведен до 2020 год., истиот се продолжува до 2030 година.
[5] https://www.unisdr.org/files/46052_disasterriskreductioninthe2030agend.pdf
[6] https://unfccc.int/sites/default/files/english_paris_agreement.pdf

здравјето на населението во Република Македонија (2011). На регионално ниво постојат допирни точки со Програмата за развој на југозападниот плански регион 2021 – 2026 год[7].

- ***Хоризонтално поврзување со локалните стратешки, програмски и плански документи***

Општина Кичево има донесено локални стратешки, програмски и плански документи од областите под нејзина надлежност, но сепак овој стратешки план за намалување на ризици од катастрофи е во корелација со постоечките обезбедувајќи синергија при нивното реализирање. Така на пример, според доставените документи, овој план е во согланост со следниве: Стратегија за локален економски развој на Општина Кичево (2018); Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Кичево од сите видови на ризици и опасности од јануари 2020 година; Процена на загрозеност на Општина Кичево од природни непогоди и други несреќи од 2020 година; План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи од 2020 година, План за реализација на целите и задачите што произлегуваат од развојот на Југозападниот плански регион; Програма за развој на општина Кичево (годишна);[8] др. планови, програми и стратегии за развој на сите локални дејности.

# 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ЛОКАЛНО НИВО

## *2.1 Организација на локалната самоуправа на подрачјето на Општина Кичево*

Седиштето на ЕЛС Кичево е во истоименото населено место, градот Кичево. За извршување на општинските надлежности формирана е општинска администрација со свои надлежни органи. Со одлуката за внатрешна организација на Општина Кичево се дефинираат организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите и обврските на администрацијата, облиците и раководењето со истата. Во табелата подолу е даден основен преглед на општинската администрација, при што деталните надлежности, обврски и одговорности според Законот за локална самоуправа, чл. 22 – Листа на надлежности се дадени во ***Прилог 1***.

| Општина | Градоначалник | Советници | Сектори/одделенија |
|---|---|---|---|
| **Кичево** | **Фатмир Дехари** | **23** | • Сектор за поддршка на градоначалникот;<br>• Сектор за финансии;<br>• Сектор за правни, општи и јавни дејности;<br>• Сектор за образование;<br>• Сектор за урбанизам;<br>• Сектор за комунални дејности, инфраструктура, сообраќај и енергетска ефикасност;<br>• Одделение за инспекциски надзор-општински инспекторат |

[7] https://southwestregion.mk/web/wp-content/uploads/2021/07/FinalnaPrograma_JUGOZAPADEN_Planski_Region_2021-2026.pdf
[8] https://kicevo.gov.mk/mk/programs

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | • Одделение за внатрешна ревизија;<br>• Одделение за управување со човечки ресурси;<br>• Територијална противпожарна единица. |

***Табела – Преглед на општинската администрација на ЕЛС Кичево***[9]

На територијата на општината функционираат јавни претпријатија (ЈП Комуналец, и ЈП Спортски сали), јавни установи и служби (9 основни и 2 средни училишта, библиотека „Кочо Рацин“, Дом на култура, детска градинка, како и подрачни единици на државната власт. Активно функционираат 8 урбани заедници во самиот град и 78 постојани месни заедници во населените места преку кои се остварува месната самоуправа како облик на изразување на заеднички интерес на граѓаните и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачје за кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа. Во Општина Кичево активно делуваат здруженија на граѓани од кои[10]: една организација од национален карактер и 15 организации од локален карактер, вклучувајќи ја и Општинската организација на Црвен Крст.

## *2.2 Организација на намалувањето на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево*

### 2.2.1 Вовед

Според Канцеларијата на Организацијата на Обединетите нации за катастрофи – УНДРР (United Nations Office for Disaster Risk Reduction - UNDRR), ***управувањето со намалувањето на ризиците од катастрофи*** *претставува примена на политиките и стратегиите за заштита од новите ризици од катастрофи, намалување на постојниот ризик од катастрофи и управување со преостанатиот ризик, придонесувајќи за отпорност и намалување на загубите од катастрофи.*[11] Од друга страна, стратешките документи т.е. планови ги дефинираат целите и приоритетите кои преку реализирање на соодветни мерки и активности во определен временски период треба да придонесат за намалување на ризикот и зајакнување на отпорноста на општествата и заедниците.

***Намалувањето на ризикот од катастрофи*** има за цел да ги превенира новите и да ги намали постојните ризици од катастрофи и да го управува преостанатиот ризик, со што се придонесува за зајканување на отпорноста и последователно постигнување на одржливиот развој.

***Извор: УНДРР***

https://tinyurl.com/ubdb2xhc

[9] Податоците се превземени од веб страницата на Општина Кичево: kicevo.gov.mk/organogram-органограм/

[10] Прирачник на ОБСЕ „НВО во општина Кичево“ од 2015 г.

[11] https://www.undrr.org/terminology/disaster-risk-management

Во справувањето со кризи, општината:

- ги следи состојбите, дејствијата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза во општината;
- донесува процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општината;
- донесува програма за ревитализација на општинита по елиминирањето на кризата;
- одлучува за висината на средствата за управување со кризи од буџетот.

Во Република С. Македонија управувањето со намалувањето на ризикот од катастрофи се реализира на сеопфатен начин преку системите за управување со кризи и заштита и спасување, како и преку останатите области и надлежности на локално ниво, а тоа се првенствено противпожарната и здравствената заштита, како и преку вклучување во останатите надлежности на ЕЛС Кичево на пр. урбанизам, заштита на животна средина, образование и др. Во контекст на овој стратешки план, подолу е дадена поставеноста управувањето со кризи, заштитата и спасувањето, противпожарната и здравствената заштита на локално ниво. Вклучувањето во останатите надлежности и области практично се реализира преку идентификување и реализација на соодветни мерки и активности.

***2.2.2 Управување со кризи - надлежностите на Општина Кичево за управување со кризи***

Согласно ЗУК, член 5, општина Кичево во рамките на своите надлежности утврдени со закон, има обврска за свои потреби, заради ефикасна превенција и рано предупредување од потенцијална кризна состојба да врши процена на ризиците и опасностите на локално ниво, да ги утврдува потребите и да ги планира ресурсите и ги спроведува одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општината. Процената на загрозеност за општина Кичево ја изработува РЦУК Кичево. Во справувањето со криза градоначалникот на општината, обезбедува координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

Јавните претпријатија, јавните установи и служби на подрачјето на општината имаат обврска да се подготвуваат за извршување на нивните функции и задачи за превенција и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза или кризна состојба во државата или на одреден нејзин дел. Посебните надлежности се предвидени со Законот за управување со кризи и офаќаат заштита и спасување на вработените, учество во обуки, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба, ставање на располагање на сопствените ресурси, преземање на активности во случај на настанување на ненадејна несреќа или кризна појава, планирање и преземање на потребни превентивни мерки и градење капацитети за справување со кризи и непогоди од поголем интензитет, финансирање на активностите од сопствени извори и остварување на други обврски.

РЦУК Кичево има надлежност над подрачјето на општина Кичево. РЦУК Кичево е подреден на ГРЦУК Охрид кој во исто време е и Главен регионален центар за управување со кризи (ГРЦУК) кој е надлежен за југозападниот регион и работи непрекинато 24 часови, 7 дена во неделата. Дежурната служба може да се добие на карактеристичниот и бесплатен телефонски број 195, кој во блиска иднина ќе биде заменет со Европскиот број за итни повици Е-112.

*rcukkicevo@cuk.gov.mk*

- На оперативно- стручно ниво се формира ***Регионалниот штаб за управување со кризи Кичево*** и раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации на подрачјето на општина Кичево. Раководи раководителот на РЦУК Кичево, а составен е од висок претставник на единиците на локална самоуправа (градоначалникот или назначени претставници), претставници на подрачните единици на министерствата, претставник на ПО ДЗС во Кичево, на ОО ЦК Кичево, како и по потреба останати членови (претставници на јавните

комунални претпријатија и др.). Редовните седници на штабот се свикуваат најмалку два пати годишно, а по потреба и почесто. Вонредните седници на штабот се свикуваат заради итна превенција или справување со кризна ситуација. РШУК Кичево донесува заклучоци во форма на заклучок одлуки, препораки, насоки и други мерки и активности.

- ***Функции и задачи на ЕЛС Кичево во услови на прогласена кризна состојба***

Според ЗУК, член 30 (29/05) *кризна состојба* се прогласува заради справување со состојба која претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел. На регионално/локално ниво функционира РШУК Кичево и раководи и се имплементираат активности за справување со кризната состојба. Обврски на ЕЛС Кичево со просторни сили за заштита и спасување, јавните претпријатија и ТППЕ во услови на прогласена кризна состојба се следниве[12]: проценување на настанатата кризна состојба, активирање на просторниот штаб за заштита и спасување, активирање на оперативните планови и интерни процедури, активирање на просторните единици за заштита и спасување и ставање во функција на сите ресурси во рамките на општината (ЈП, ОО ЦК и невладини организации), подготвување на комуналните потреби на предвидените собирни места за евакуирани граѓани, аангажирање на граѓаните во урбаните заедници, односно месните заедници и нивна координација на активностите во справување со кризата; организирање на работа на комисија за утврдување на штетите настанати од кризната состојба; мобилизирање на просторните единици за заштита и спасување и ставање во функција на сите ресурси во рамките на општината и поддршка на државните институции со силите и капацитетите на ЈП и ТППЕ. Општина Кичево има и конкретни задолженија во рамките на справувањето (реакција и поддршка) со индивидуалните ризици/опасности и тие се дел од *Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од системот за управување со кризи во прогласена кризна состојба*.[13]

## 2.2.3 Заштита и спасување - надлежности на Општина Кичево

Системот за заштита и спасување е воспоставен во 2004 год. со цел за заштита на населението, животната средина, материјалните добра, природните ресурси, биодиверзитетот и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба. Општина Кичево, како и другите општини во државата има определени наделжности според Законот за заштита и спасување, и тоа како општи надлежности и надлежности на Советот на општината и Градоначалникот[14] и тие се прикажани во табелата подолу. Од нив, најзначајни се донесување на процена на загрозеност и планска документација за заштита и спасување, формирање на просторни сили за подрачјето на општината, како и формирање на Општински штаб за заштита и

[12] Центар за управување со кризи. Стандардни оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите на системот за справување со кризи во прогласена кризна состојба. 2016. стр.16-17.

[13] https://cuk.gov.mk/files/Standardni%20operativni%20proceduri%20B5%20mkd.pdf

[14] Надлежностите на ЕЛС се општи обврските кои произлегуваат од од Законот за заштита и спасување (пречистен текст), додека надлежностите на Советот на општината и градоначалникот се дефинирани со членовите 34, 35 и 36 од Законот за заштита и спасување (пречистен текст).

спасување. Исто така и јавните претпријатија, установи и трговски претпријатија имаат свои обврски за заштита и спасување според предметниот закон. Од друга страна, граѓаните на Општина Кичево ги имаат следниве права и должности: да учествуваат во заштитата и спасувањето; да извршуваат материјална обврска и да се оспособуваат и подготвуваат за самозаштита, како и учество во заштитата и спасување. Надлежност над подрачјето на Општина Кичево има Подрачното одделение на ДЗС со седиште во Кичево.

| Надлежност на ЕЛС | Надлежност на Совет на ЕЛС/Град Скопје | Надлежност на Градоначалник |
|---|---|---|
| Формираат Просторни сили за заштита и спасување | Одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за ЗиС. | Го предлага Планот за заштита и спасување. |
| Изработка на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи | Донесува Годишна програма за заштита и спасување | Ја следи состојбата во врска со реализацијата на донесените одлуки од Советот на ЕЛС за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи. |
| Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа | Донесува Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општината/Град Скопје | Одговорен е за подготвеноста на силите за заштита и спасување кои единицата на локалната самоуправа ги формирала. |
| Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување | Донесува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи | Одлучува за ангажирање на силите за заштита и спасување кои единици на локална самоуправа ги формирала |
| Воспоставување организација и систем потребни за заштита и спасување | Донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување. | Раководи и ги координира активностите за заштита и спасување што ги спроведува единицата на локалната самоуправа до активирање на подрачните штабови |
| Обезбедување материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација | Заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во: гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи; расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго; укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести; заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди. | Го следи остварувањето на акциите за расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или и други несреќи на подрачјето на единицата на локалната самоуправа |
| Преземање на активности и мерки за заштита и спасување кои задолжително се преземаат во случај на непосредна опасност (прибирање податоци за можна опасност; известување на субјектите преку системот за врски; зголемена готовност и активирање на надлежните субјекти и силите за заштита и спасување; обезбедување на јавен ред и мир во загрозеното подрачје; преземање други мерки за заштита и спасување) | Ја следи подготвеноста на единицата на локалната самоуправа за заштита и спасување | Бара помош во ангажирање на просторните сили за заштита и спасување, формирани кај правните лица од подрачјето на единицата на локалната самоуправа |
| Преземање активности и мерки кои задолжително се спроведуваат за отстранување на последиците (процена на штети и последици; санација на подрачјето зафатено со несреќата; обезбедување и давање на неопходна помош на населението; спроведување на здравствени и епидемиолошко хигиенски мерки; спроведување на мерки за заштита на растенијата и производите од нив; организирање на снабдувањето и на комуналните услуги заради брзо нормализирање на животот). | Одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа | Во услови кога со силите за заштита и спасување од точката 4 на овој член ако не можат да се отстранат последиците од природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување |
| Изградба на јавни засолништа за задоволување на потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство од своето подрачје. | Одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи | Назначува одговорно лице за заштита и спасување или формира одделение |
| Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа ги координира активностите во областа на заштитата и спасувањето на своето подрачје и во заштитата и спасувањето на општините од Градот Скопје кои се должни да соработуваат и постапуваат по насоките од Градот Скопје. За остварување на оваа надлежност Градот Скопје формира Градски штаб за заштита и спасување | Одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа. | |
| Обезбедува финансиски средства за единиците на локалната самоуправа за потребите на заштитата и спасувањето од сопствените средства во согласност со закон | | |

## 2.2.4 Противпожарна заштита на подрачјето на Општина Кичево

Пожарникарството е дел од системот за заштита и спасување и е надлежност на Општина Кичево. Општината има формирано своја територијална противпожарна единица и преку истата се реализира противпожарната заштита. ТППЕ е главен оперативен ресурс на општината за справување со кризи и катастрофи, со оглед на нивната главна дејност која се состои од гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот кои се загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди. Општина Кичево во рамките на своите материјални можности обезбедува потребни услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на општината, како и на подрачјето на соседните општини.

## 2.2.5 Здравствена заштита на подрачјето на Општина Кичево

Со оглед на фактот дека пандемијата на COVID-19 сериозно ја погоди државата, заедниците и граѓаните на еден досега невиден начин и дека здравствените ризици се присутни повеќе од било кога, важно е да се претстават основните надлежности на општината во сегментот на здравствената заштита, а првенствено во делот на превенцијата и справувањето со заразните болести. Надлежностите од сегментот на здравствена заштита се дефинирани со ***член 22 од Законот за локална самоуправа*** и се состојат од учество во управувањето со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон. Општина Кичево е дел од организацијата на системот на јавно здравје и учествува во финансирањето на јавното здравје, вклучувајќи ги и дополнителните активности од интерес за јавното здравје. Врз основа на ***Законот за заштита на населението од заразни болести (Редакциски пречистен текст 2018)***[15]***,*** општината ги има следниве обврски:

| |
|---|
| Соработува и разменува информации за спроведувањето на мерките за спречување на појавата, раното откривање, ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите; |
| Доставува барања до ЦЈЗ Битола –Основна единица Кичево за информации за состојбата со заразните болести и организира и спроведува активности за промоција на здравјето и превенција на заразни болести; |
| Спроведува општи мерки за заштита од заразни болести според член 12 и Советот на општината донесува годишна програма; |
| Спроведува редовна и вонредна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на населбите и нивната околина; |
| Обезбедува финансиски средства од својот буџет за спроведување на општите мерки и здравствена едукација. |

[15] http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/ZAKON-ZA-ZASHTITA-NA-NASELENIETO-OD-ZARAZNI-BOLESTI-zakluchno-so-br.-37-od-2016.pdf

### 2.2.6 Субјекти на управувањето со намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево

На подрачјето на општина Кичево од важност за намалувањето на ризиците од катастрофи се присутни следниве институции:

- ЕЛС Кичево;
- РЦУК Кичево;
- Подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување (ПО ДЗС) во Кичево;
- Јавно претпријатие за комунални дејности Комуналец (ЈП) – Кичево;
- Јавна здравствена установа Општа болница (ЈЗУ) – Кичево;
- Јавна здравствена установа Здравствен дом (ЈЗУ)-Кичево;
- Итна медицинска помош (ИМП) – Кичево;
- Територијална противпожарна единица (ТППЕ) – Кичево;
- Министерство за внатрешни работи – СВР ОВР Кичево (МВР СВР ОВР Кичево);
- Национални шуми – Шумско стопанство „Лопушник“ (НШ – ШС) – Кичево;
- Центар за јавно здравје (ЦЈЗ) Основна единица – Кичево;
- Општинска организација на Црвен крст (ОО ЦК) – Кичево.

Исто така, во рамките на поширокиот сегмент на субјекти од системот за управување со кризи кои се од значење за подрачјето на Општина Кичево, а кои се наведени во процените на загрозеноста од сите ризици и опасности во сегментот на ресурсите за одговор, се вбројуваат приватните здравствени и стоматолошки организации и аптеки, ветеринарни друштва, како и РЕК „Осломеј“ - Кичево.

# 3.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КИЧЕВО[16]

## *3.1 Подрачје на општината и географија*

### 3.1.1 Општи податоци

Општина Кичево се наоѓа во западниот дел на Република С. Македонија и зафаќа површина од 827 км2. Градот Кичево, како урбан центар на општината го зазема централниот дел на кичевската котлина, која, пак, е обликувана природна целина, од сите страни опколена со високи планини. На север допира до превојот Стража и планините Буковиќ и Добра вода, на запад се издига планината Бистра, на југ се протегаат планините Баба Сач и Мусица, а на источната страна котлината допира до северниот дел на Порече. Овој простор припаѓа на горното сливно подрачје на реката Треска. Во состав на општината влегуваат и 78 населени места, и тоа: Арангел, Атишта, Бачишта, Белица, Бериково, Бигор Доленци,Брждани, Букојчани, Видрани, Вранештица, Гарани, Големо Црско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Горно Строгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долна Душегубица, Долно Добреноец, Долно Строгомиште, Другово, Дупјани, Ехлоец, Жубрино,

[16] Дел од информациите во овој дел се преземени од јавно достапни сетови на податоци како и од Процената на загрозеност на Општина Кичево од природни непогоди и други несреќи 2020 година http://sovet.kicevo.gov.mk/31/15/Procena%20....pdf

Зајас, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јагол, Јагол Доленци, Јудово, Карбуница, Кладник, Кленоец, Кнежино, Козица, Козичино, Колари, Колибари, Крушица, Лавчани, Лазаровци, Лешница, Малкоец, Мало Црско, Мамудовци, Манастирско Доленци, Мидинци, Миокази, Ново Село, Орланци, Осломеј, Осој, Папрадиште, Патец, Подвис, Поповјани, Попоец, Пополжани, Премка, Простразје, Рабетино, Раштани, Речани, Светораче, Свињиште, Србица, Србјани, Староец, Стрелци, Тајмиште, Трапчин Дол, Туин, Цер, Црвивци, Челопеци, Шутово.

Општината има поволна географско-сообраќајна положба и е регионален крстопат за четири патни правци: на север преку превојот Стража кон Гостивар, Тетово и понатаму кон Скопје, на југ преку Пресека кон Охрид и Струга, на југоисток кон Демир Хисар и Битола и на исток преку долината на реката Треска кон Македонски Брод, а оттаму преку Барбарас кон Прилеп.

Општината Кичево се граничи со следните општини: од северна страна со општина Гостивар, од источна страна со општините Македонски Брод, Пласница и Крушево, од јужна страна со општините Демир Хисар и Дебарца, и од западна страна со општините Вевчани, Центар Жупа, Дебар и Ростуше – Маврово.




***Мапа на населени места на подрачјето на општина Кичево***[17]

## 3.1.2 Хидрологија, пошуменост и земјиште

Речната мрежа во подрачјето на општина Кичево припаѓа на сливот на река Треска. Реката Треска во границите на општината Кичево се протега од изворишниот дел па се до атарот на село

[17] Мапата е преземена од https://www.stat.gov.mk/Opstininm.aspx?mbop=1520

Лисичани, каде преминува во општина Пласница. Таа ги прибира сите текови од левата и десната страна, а настанува од Ехловечката, Иванчишката, Лопушничката и Попоечката река, кои што во текот на летните месеци ја губат водата, но изворот на реката кај с.Извор дава неколку кубни метри вода во секунда. Од изворот до селото Подвис реката Треска има изразито планински карактер. Од левата страна во Треска се влева реката Студенчица, а од десната страна се влева Беличка река. Реката Студенчица извира од поголемиот истоимен извор во месноста Фрлогоец. Изворот Студенчица е каптиран за потребите на регионалниот водовод „Студенчица", со кој се снабдуваат со вода градовите Кичево, Македонски Брод, Крушево и Прилеп, како и селските населби во нивната околина, и термоцентралата Осломеј. Изворот на реката Студенчица е на околу 1000 м.н.в., должината на речниот тек изнесува околу 15 км. Беличка река од нејзиниот извор до вливот во Треска е долга 15 km.

Целосно, хидрографската мрежа, на територијата на општина Кичево, ја сочинуваат реките Треска, Зајашка река и Темница. Реката Зајашка извира од источните падини на планината Бистра и е долга 23 km. Од нејзината десна страна ја прима Бачишка река, долга 16 km, чиј изворишен дел се наоѓа во пазувите на планината Бистра во месноста Кобилин Дол. Во Зајашка река се влива реката Темница, чии изворишни краци започнуваат на високите планински масиви на Добра Вода. Во формирањето на Темница учествуваат Поповјанска и Туинска река. Покрај овие реки во градот поминува и поројот Сушица, кој во летните месеци пресушува. Во градот постои и поројот Иванидол, кој во делот од ОУ „Кузман Јосифовски Питу" до вливот во поројот Сушица е покриен.

Просторот кој го зафаќа општината Кичево се карактеризира и со голема и разновидна вегетациска покриеност, што е резултат на географската положба, климатските, геолошките, педолошките и другите особености. Шумската вегетација е застапена со голем број шумски растителни заедници. Главно во Кичевскиот регион поради природните карактеристики е условена појава на два височински појаси: дабов и буков. Вкупната површина под шуми изнесува 45.869 ха, а пасиштата заземаат простор од 10.500 ха. Површините под шуми се 55% од територијата на Општината. Поголемиот дел од шумата е во државна сопственост. Со шумата во државна сопственост стопанисува ЈП МШ подружница ШС "Лопушник"- Кичево. Подружницата својата работа ја има организирано во 11 шумско стопански единици (ШСЕ).

Вкупната земјоделска површина во општината Кичево изнесува 34.669ха, од кои обработлива површина е 11.694 ха.

| Општина | Вкупно земјоделско земјиште | Обработливо земјиште | Ораници, бавчи и куќни градини | Лозови насади | Овоштарници | Пасишта и ливади | Шуми |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кичево** | 34.669 | 11.694 | 7.541 | / | 661 | 3.492 | 45.869 |

***Табела - Вкупна површина на земјиште во ха по категории и во хектари на подрачјето на ЕЛС Кичево***[18]

[18] Државен завод за статистика на РМ

## 3.1.3 Климатски услови

Климатските услови на општината Кичево се определени од географската положба, орографските услови и општата атмосферска циркулација. Поради централната положба во Западна Македонија и релјефните особини на просторот, општината се наоѓа под влијание на умерено - континенталната клима, а на високите планини застапена е планинската клима. Умерено континенталната клима се карактеризира со умерено топли лета и умерено ладни зими. Врнежите се со преоден режим. Врз времето и климата во општината важна улога имаат циклоните и антициклоните кои се создаваат во околината, но и на Балканот. Ова се однесува пред сè на атмосферското струење од запад, односно западни ветрови. Отвореноста на Кичевската котлина по долината на река Треска кон Повардарието нема поголемо климатско значење, поради кањонскиот и клисурест карактер на долината.

Градот Кичево со околината се наоѓа во зоната на топлото континентално подрачје кое, на територијата на Република Северна Македонија, се простира во висинскиот појас од 600 до 900 м.н.в. Годишната средна температура во потесното градско подрачје изнесува 10,7 степени Целзиусови, при што апсолутниот месечен максимум на температурата изнесува 40,5 степени Целзиусови, додека апсолутниот месечен миниум изнесува -23,0 степени Целзиусови. Средната годишна максимална температура изнесува 17,1 степен Целзиусов, а средната годишна минимална тепература 5,0 степени Целзиусови. Средното годишно количество на врнежи е 761,7 мм, додека средната годишна релативна влажност на воздухот изнесува 74%. Максималната брзина на ветерот изнесува 19,0225 km/sec. Слични се и климатските одлики во северниот дел од општината (топла континентална и планинска клима).

Јужните делови од општината се карактеризираат со умерено континентална клима со долги и топли лета и ладни зими. Просечната годишна сума на траењата на сончевото зрачење во овој дел од општината изнесува 210 денови во годината. Средната летна температура во овој дел изнесува од 18,8 до 19,66 степени, а средната зимска температура изнесува 1,13 до 2,20 степени. Просечната релативна влажност на воздухот изнесува 74% до 74,3% , а просечната годишна сума на врнежи изнесува од 721,3 до 763 mm.

## 3.1.4 Демографски карактеристики и домување

Според пописот на населението во 2002 година, Општина Кичево има 56.734 жители, а само градот Кичево има 27.067 жители или 48% живеат во градот Кичево кој е воедно и аминистративен и културен центар на општината и 52% во околните селски населени места. Од вкупниот број жители (56.734) во Општина Кичево, 28.621 или 50,44% се мажи и 28.113 или 49,55% се жени. Според етничката припадност, Албанците се 30.927 или 54,51% од населението, Македонците 20.278 или 35,74%, Турците 2998 или 5,28%, Ромите 1631 или 2,87%, Власите 76 или 0,13%, Србите 102 или 0,17%, Бошњаците 8 или 0,01% и останатите 714 или 1,25%.

Според возрасни групи, млади т.е. од 0 – 24 години се 25.433, целосно работоспособни од 25 до 64 години возраст се 29.852, стари лица со возраст над 65 години има 1.449. Од аспект на социјалната ранливост по возраст, може да се каже дека со приближно половина од населението

во Општина Кичево кои се млади или постари лица се во таа категорија. Населението е ранливо на влијанието и на природните и од човек-предзивикани опасности. Во Општина Кичево има вкупно 16.958 домаќинства со просечно 3,37 члена во едно домаќинство и вкупно 20.633 индивидуални станбени единици. Една од карактеристиките на демографскиот развој на општината е сѐ уште присутната миграција, како внатрешната во другите градови во Републиката, така и надворешната, во странство.

| Општина | Вкупно | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Власи | Роми | Срби | Турци | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кичево** | **56,734** | 28.621 | 28.113 | 20.278 | 30.927 | 76 | 1.631 | 102 | 2.998 | 8 | 714 |

***Табела - Преглед на население на подрачјето на Општина Кичево според род и национална застапеност (Попис, 2002)[19]***

## 3.1.5 Социо-економски развој

Имајќи го во вид профилот на општината, главните економски гранки се земјоделството и индустријата (рударство, градежната, металната, текстилната, прехрамбената и дрвната индустрија) и трговската и угостителската дејност. На подрачјето на општина Кичево има развиено индустрија со хазарден материјал (ТЕЦ Осломеј). Општина Кичево отвори индустриска зона за домашни и странски компании каде се изградени односно се градат околу дваесет стопански објекти.

Во регионот има богати ресурси на железна руда. Најголем дел се лоцирани кај селото Тајмиште каде што има и рудник за експлоатација. РЕК Осломеј ги експлоатира ресурсите од лигнит највеќе во атарот на село Осломеј. Планината Стогово е богата со манган, а мермерот е најзастапен во локалитетот на село Цер, Миокази, Бигор Доленци.

## 3.1.6 Инфраструктура

***Енергетска инфраструктура:*** Мрежата за дистрибуција и снабдување со електрична енергија ја прави Република Северна Македонија да биде поволна дестинација за инвестирање во секој дел од нејзината територија. Мнозинството производство на електрична енергија во Републиката, околу 80%, се базира на термоцентрали. Најмалата со термо капацитети, во рамките на електроенергетскиот систем, е РЕК Осломеј во Кичево, со инсталирана единица од 125 MW и нето производство од околу 700 GWh годишно. Осломеј снабдува над 10% од вкупното производство на електрична енергија во државата. Оваа електрана го користи јагленот како основен енергент со просечна калоричност во износ на 7600 kJ/kg, а потрошувачката на јаглен е 1,5 kg/kWh, додека потрошувачката на сурова нафта е 2,16 гр/Wh. Во општина Кичево изградена е и мала

[19] http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=54&rbrObl=31

хидроцентрала. Наменета е за водоснабдување на повеќе од 160.000 жители и предвидено е да произведува 2,5 GWh електрична енергија годишно.

***Сообраќајна инфраструктура:***

Патната мрежа ја сочинуваат мрежата на магистрални, регионални и локални патишта и придружната опрема. Вкупната должина и структура на патната мрежа во општината е следна: магистрални патишта (47km), регионални патишта (64km) и локални патишта (115,5km). Во општина Кичево има и околу 51,625 km улици во градот. Низ општината Кичево минува магистралниот пат А-2, Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Охрид, на потегот од превојот Стража до превојот Пресека. Низ територијата од општина Кичево минуваат регионални патишта и тоа во должина од 69 км. Состојбата со патната мрежа во општина Кичево може да се смета за задоволителна. На подрачјето на Општина Кичево поминува и завршува делницата од железничката пруга Скопје –Кичево.

***Комуникациска инфраструктура:***

На подрачјето на општината функционираат сите оператори за мобилна телефонија и пристапот на интернет е достапен преку фиксна, кабловска и оптичка мрежа или преку мобилен интернет.

## 3.1.7 Животна средина

Како означаен еколошки проблем се истакнува проблемот на загадувањето на почвата и водата со употреба на хемиски препарати и вештачки ѓубрива при третирањето на земјоделските површини. Загадувањето е предизвикано и од присутното индустриско производство на метали, издувни гасови од возила и домаќинствата за време на грејна сезона. На подрачјето на општина Кичево има развиено индустрија со хазарден материјал- ТЕЦ Осломеј.

## 3.1.8 Образование, здравје и култура

***Образование:***

На подрачјето на Општина Кичево функционираат девет општински основни училишта и две општински средни училишта и детската градинка со клонови за згрижување на деца низ градот и општината. Во сферата на високото образование егзистира Правниот факултет Кичево и Техничко-технолошки факултет во Велес-дисперзирани студии во Кичево, и двата во состав на Универзитетот Св. Климент Охридски-Битола.

***Здравство:***

На подрачјето на општина Кичево функционираат Општата Болница и Здравствен дом Кичево, Центарот за јавно здравје-Битола со Основна единица Кичево, приватни здравствени установи,

приватни стоматолошки ординации и приватни аптеки, како и дневниот центар за лица со посебни потреби.

***Култура и историско наследство:***

На подрачјето на кичевската котлина има искучително вредни споменици од материјалната култура кои потсетуваат на минатото и создаваат услови за подигнување на туристичка понуда на повисоко ниво. Од нив можеме да се издвојат: тврдината Китино Кале која е археолошки локалитет, Храмот “Свети Петар и Павле”, манастирот “Света Богородица Пречиста” кој датира од 1316 година и е храм за сите верници, манастирот “Свети Ѓорѓија”, постојат повеќе муслимански верски објекти – теќии и џамии на кичевската котлина, музеј на Западна Македонија и ред други културни манифестации, меѓународни фестивали, концерти, ликовни колонии, театарски претстави и сл. Во с. Вранештица се наоѓа ископ на глина и е едно од најпознатите села во земјава по изработката на глинени садови. Таму повеќе од 1000 години се прават грниња од глината за која жителите од селото велат дека ја има во изобилство.

# 4.ПРОФИЛ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ[20]

## *4.1 Општо за профилот на опасности*

Според изготвената Процена за загрозеноста на подрачјето на општина Кичево од сите ризици и опасности, во профилот на опасности доминираат пожарите, поплавите, загадувањето на почвата, воздухот и водата, екстремните временски појави, епидемиите на карантинските и други заразни болести кај луѓето и животните, како и други опасности (заболувања на растенијата, ерозијата на почвата, НУС, лизгање и одрони на земјиште, РХБ контаминација и УВ зрачење, оштетување и прелевање на брани, несреќи во патничкиот сообраќај, земјотрес, труење со храна и хемикалии и асоцијални појави). Заедно со влошената состојба на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, се очекува да има значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и големината на овие настани. Следствено, сѐ повеќе луѓе се изложени на нивните ефекти со се поголеми штети и загуби од потенцијалните настани. Сето ова е надополнето со нови предизвици во услови на растечки опасности како што се мигрантската криза или пандемијата КОВИД-19, која од минатата година е вклучена во проценката и анализата на опасностите Последователно за потребите на овој плански документ, профилот на опасности на општината е како што следува:

[20] Профилот на опасности е изработен врз основа на достапни отворени податоци и информации од Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Кичево од сите видови на ризици и опасности од 2020 год., Процената на загрозеност на Општина Кичево од природни непогоди и други несреќи и Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Иако пандемијата на КОВИД-19 не е обработена во овие документи, со оглед на последиците и прогласената кризна состојба на подрачјето на целата држава, внесена е како опасност од петти, највисок степен.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРВ СТЕПЕН** | | **РЕДОВНА СОСТОЈБА**<br>(нема ризик) | **Други опасности:** заболувања на растенијата, ерозија на почватаа, НУС,лизгање и одрони на земјиште, РХБ контаминација и УВ зрачење, оштетување и прелевање на брани, несреќи во патничкиот сообраќај, земјотреси, труење со храна и хемихалии и асоцијални појави |
| **ВТОР СТЕПЕН** | | **НИЗОК РИЗИК**<br>(редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност) | **Пожари**<br>**Загадување на почвата, воздухот и водата**<br>**Поплави**<br>**Екстремни временски појави**<br>**Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните** |
| **ТРЕТ СТЕПЕН** | | **ПОКАЧЕН РИЗИК**<br>(можен почеток на криза или кризна состојба) | |
| **ЧЕТВРТ СТЕПЕН** | | **ВИСОК РИЗИК**<br>(веројатност за почеток на криза или кризна состојба) | |
| **ПЕТТИ СТЕПЕН** | | **НАЈВИСОК РИЗИК**<br>(загрозеност на виталните вредности и создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба) | **КОВИД-19 пандемија** |

***Табела - Степен на загрозеност на безбедноста на подрачјето на општина Кичево***[21]

| | Вид на настан | Време на настан | Место/локација | Човечки загуби | Опис на настанот | Штета (Износ во МКД) | Зафатена површина (ха) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пожар | 25.10.200 | Лопушник м.в. Мечкин дол | / | Шумски пожар | | 90 ха |
| 2 | Пожар | 13.11.2005 | с.Туин Калешовци | / | Шумски пожар | | 229 ха |
| 3 | Пожар | 13.11.2005 | с.Туин Калешовци | / | Пожар на отворен простор (пасишта) | | 143 ха |
| 4 | Пожар | 20.03.2007 | с.Рабетино | / | Пожар на отворен простор (пасишта) | | 92 ха |
| 5 | Пожар | 14.04.2007 | с.Рабетино | / | Шумски пожар | | 95 ха |
| 6 | Пожар | 13.07.2007 | с.Црвивци | / | Шумски пожар | | 109 ха |
| 7 | Пожар | 20.07.2007 | с.Премка-с.Рбица | / | Шумски пожар | | 253 ха |
| 8 | Пожар | 29.07.2007 | с.Рабетино | / | Шумски пожар | | 180 ха |
| 9 | Пожар | 31.08.2007 | с.Зајас-с.Букојчани-с.Бериково | / | Шумски пожар | | 305 ха |

[21] Степенот на загрозеност на безбедноста на подрачјето на општина Кичево е направен во согласност со член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на проценатa на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од проценатa (Сл. Весник на РМ бр. 13/11).

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Пожар | 31.08.2007 | С.Горно Строгомиште- с.Јагол | / | Шумски пожар | | 110 ха |
| 11 | Пожар | 13.08.2008 | Љубен-с.Цер- | / | Пожар на отворен простор (пасишта) | | 253 ха |
| 12 | Пожар | 24.08.2008 | с.Долно Добреноец-Фрлогоец | / | Шумски пожар | | 344 ха |
| 13 | Пожар | 22.11.2009 | с.Туин- Калешовци-Добра вода | / | Шумски пожар | | 168 ха |
| 14 | Атм.врнежи | 05.08.2011 | м.в. Девичо на потегот од ветеринарна станица до м.в стара централа, како и на потегот покрај самото течение на р.Треска до мостот кај с.Бигор Доленци | / | Град (Земјоделски производи) | 1.517.200,оо | |
| 15 | Пожар | 31.08.2011 | с.Патеец- м.в Кула | / | Шумски пожар | | 287 |
| 16 | Пожар | 02.09.2013 | с.Букојчани | | Шумски пожар | | 70 ха |
| 17. | Поплава | 06.02.2015 | потегот од ОУ “Санде Штерјоски“ до м.в “сточен пазар“ (ул.Прилепска) Нас.Бала Маало | / | Излевање на р.Зајашка (штета на град.објекти и средства и блага во домаќинствата) | 2.291.736,оо | |
| 18 | Пожар | 13.08.2015 | С.Цер-Црско | / | Шумски пожари и пожар на отворен простор (жита и расадници) | 349.590,оо | 25 ха |
| 19 | Атм.врнежи | 25.04.2016 | Населени места во Општина Кичево | / | Мраз- слана (земјоделски производи) | 1.601.675,оо | |
| 20 | Земјотрес | 21.05.2016 | с.Вранештица и соседните населени места | / | Земјотрес (штета на градежни објекти) | 505.770,оо | |
| 21 | Поплава | 02.02.2018 | потегот од ОУ “Санде Штерјоски“ до м.в “сточен пазар“ (ул.Прилепска) Нас.Бала Маало | / | Излевање на р.Зајашка (штета на град.објекти и средства и блага во домаќинствата) | 12.010.905,оо | |
| 22 | Пожар | 25.10.2019 | с.Колибари | / | Шумски пожар | | 25 ха |
| 23 | Пожар | 66.03.2019 | с.Долно-Г.Строгомиште | | Шумски пожар | | 20 ха |
| 24 | Атм.врнежи | 16.06.2019 | Населени места во Општина Кичево | / | Град (Земјоделски производи) | 823.990,оо | 15 ха |
| 25 | Земјотрес | 11.11.2020 | С.Тајмиште | / | Земјотрес (штета на градежни објекти) | 336.000,оо | |

***Табела - Преглед на случени настани на подрачјето на Општина Кичево во периодот 2000 - 2020 година***[22]

[22] Извор: Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи во Општина Кичево

## *4.2 Профил на ризици и жешки точки на подрачјето на Општина Кичево*

Врз основа на анализа на профилот на опасностите, случените настани, како и процените на загрозеноста на подрачјата на општината, идентификувани се следниве ризици и жешки точки, изложено население и временска рамка на настанување на опасностите:

| ОПАСНОСТ | ТИП | СТЕПЕН НА ЗАГРОЗЕНОСТ | | | ЖЕШКИ ТОЧКИ | ВЕРОЈАТНИ ПОСЛЕДИЦИ | ИЗЛОЖЕНО НАСЕЛЕНИЕ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пожар** | **Пожари** (шумски пожари, пожари на отворен простор и пожари на објекти) | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК** (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност) | ***Шумски пожари и пожари на отворен простор*** (реоните на планините Бистра, Стогово, Баба сач, Мусица, Буковиќ, Добра вода и Песјак. ***Пожари на објекти*** (објектите во градот Кичево, на пр. индивидуалните домови и колективните згради, индустриските и јавните објектите, како и објектите во населените места) | ***Загуба на човечки животи***; ***Објекти*** (станбени, градежни и др.); ***Инфраструктура*** (енергетска, комуникациска, и др.); ***Шумско и земјоделско земјиште*** | **56.734** Мажи - 28.621 Жени - 28.113 | ***Шумски пожари и пожари на отворен простор*** Март-Април и Август-Септември ***Пожари на објекти*** ноември - март (грејна сезона) |
| **Поплава** | **Поплави** (поплава со излевање на реките, поплава со излевање на пороите и поплава од излевање на акумулацијата) | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК** (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност) | поплава од излевање на реките -поплава од излевање на порои,долови и др. -поплава од оштетување, рушење или прелевање на браната на акумулацијата „Хххх". | ***поплавено земјоделско земјиште; оштетувања на мостови; стамбени, деловни и други објекти,електро,водоводна и телефонска локална мрежа*** | **56.734 Мажи - 28.621 Жени - 28.113** | Пролетни месеци (март - април) и летни месеци |
| **Екстремни временски појави** | **Високи и ниски температури на воздухот, невреме, снежни врнежи и наноси, мраз, суша** | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност)** | Целото подрачје на Општина Кичево | ***Објекти*** (кровни конструкции на постари објекти и сл.); ***Земјоделско земјиштеранливи категории на население,хронично болно население и население што работи и престојува на отворен простор .*** | 56.734 Мажи - 28.621 Жени - 28.113 | Мај - септември |
| **Загадување** | **Загадување на вода, воздух и почва** | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК** (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност) | Целото подрачје на Општина Кичево | Население; Шумско и земјоделско земјиште | **населението што се занимава со: земјоделско производство- ; живее во градот и во близина на индустриските и производни капацитети; лицата со одредени професии.** | Преку целата година |
| **Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните** | **Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните** | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК** (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност) | Целото подрачје на Општина Кичево | загрозување на животот и здравјето на луѓето и животните; Намалени економски услужни,социјални и други активности; Ограничување на правата и слободите на населението со воведени кризна или вонредна состојба; | **56.734 Мажи - 28.621 Жени - 28.113** | Преку целата година |
| **Други опасности** | **Техничко-технолошки опасности, НУС, несреќи во сообраќајот, криминални и асоцијални појаци** | ***Прв степен*** | | **РЕДОВНА СОСТОЈБА** (нема ризик) | Целото подрачје на Општина Кичево | изложеност на зрачење и УВ зрачење; појава на растителни штетници и болести;Зачестени несреќи во сообраќајот; | **56.734 Мажи - 28.621 Жени - 28.113** | Преку целата година |

## 4.3 Земјотреси

Подрачјето на Општина Кичево доносно кичевската котлина спаѓа во категорија на подрачја каде се очекуваат земјотреси со максимални амплитуди од M=4,5 до 5,7. Најголемиот дел од општината е изложена на сеизмичко дејство од 7 степени според МЦС скалата (Меркали-Канкан-Зимберг), крајниот североисточен дел со интензитет од 6 степени и крајниот западен дел со интензитет од 8 степени од МЦС. Изграденоста на подрачјето на Општина Кичево со објекти и густината на населеност е во директна врска со изложеноста и ранливоста од земјотресите. Во градот во урбаните заедници “Бичинци“, “Варош“, “Бала Маало“, “Чифлик“ како и во повеќе селски населби каде објектите се изградени во изминатите 50-70 години кои не се сеизмички отпорни можат да претрпат оштетување. Објектите во градот и останатите населени места кои се изградени во поново време со армирано бетонски конструкции и со поголем степен на отпорност на потреси, се помалку ранливи и доколку претрпат оштетување може полесно да се санираат и оспособат за живот и работа. Според очекувањата за максималните магнитуди од 6 до 7 степени според МЦС скалата, можни се оштетувања на стари згради, градени во периодот пред 1961 година во централното градско подрачје. Во последните години тенденција е да се реновираат старите објекти во централното градско подрачје (стари куќи) и се очекува дека истите се градат со нови материјали поотпорни на земјотреси, со што не би се очекувале оштетувања на истите, додека повеќето стари напуштени куќи во планинските села се очекува да претрпат оштетувања од земјотресите. Оттука, директните, индиректните и подолгорочните штети на подрачјето на општината би се огледале во оштетување на згради, куќи, помошни објекти; паѓање и оштетување на предмети; прекин во наставниот процес и работниот процес и сл. Според анализите на ризикот, земјотресите ќе се случуваат и во наредниот период. На подрачјето на општината процена е дека нема способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со земјотресите и не се редовно организирани обуки, вежби или некој друг вид на активности за јакнење на капацитетите. Во текот на 2009 година се одржа голема тактичко показна вежба за евакуација и спасување во случај на земјотрес и пожар во гиманзијата Мирко Милески со учество на сите субјекти за управување со кризи на локално ниво[23]. Досегашните настани немаат предизвикано загуба во човечки животи. На ефектите од земјотрес изложено е подрачјето на општината и ранливи се повеќе видови на елементи на ризикот кои се анализирани и детално претставени – објекти - станбени куќи, градежни објекти и др., инфраструктура - патишта, улици, мостови, пропусти, одводни канали и др., и население. Досегашните земјотреси немаат предизвикано значителни штети на клучната инфраструктура и функционирањето на субјектите на СУК.

## 4.4 Пожари

Опасноста од појава на пожари на подрачјето на Општина Кичево е зачестена појава, а од нив најбројни се шумските пожари и пожарите на отворен простор. Најчеста причина за нивното појавување е човекот со неговите дејства, намерни или ненамерни. Подрачјето на Општина Кичево располага со богат шумски фонд и при сушни периоди, а особено придружени со високи температури можноста за појава на шумските пожари и пожари на отворен простор е голема, и тоа, најчесто во пролет, месеците март и април и во лето, месеците август и септември, како

[23] https://www.preventionweb.net/files/12292_nationalplatformENG.pdf

последица на палење на пасиштата, чистење на меѓите и отпадоците од земјоделските култури. Шумските пожари се појавуваат на масивите на планините Бистра, Стогово, Баба Сач, Мусица, Буковиќ, Добра вода и Песјак. Овој простор се карактеризира со богат растителен и животински свет кој е директно изложен на опасноста од шумските пожари. Боровата шума е сконцентрирана во местата Крушино, Турла, Србица, Црвивци, Новосело, Попоец, Кичевско кале, каде степенот на изложеност и ранливост на населението, растителниот и животинскиот свет, како и постоечката инфраструктура и изградените објекти во овие места е висок, поради брзото ширење на пожарите во нив. Пожарите на отворен простор не предизвикуваат големи штети бидејќи најчесто во пожарите биле опожарувани необработливи површини, површини под трева и ниска грмушеста вегетација. затоа не се превземени мерки за ревитализација на ова земјиште. Пожарите на објекти се помалку во споредба со шумските пожари и пожарите на отворен простор. Можноста за појава на пожари на објектите за живеење е постојано присутна, особено кај објектите од постар тип од причини што не е водено сметка за електричното оптоварување на инсталациите при нивното проектирање. Во градот има колективни станбени згради без пожарни скали за евакуација во случај на пожар, а не е водена грижа од страна на станарите и за хидранската мрежа, а во постарите згради воопшто и не постои. Магистралниот пат А-2, регионалните и локалните патишта, електроенергетските водови, телекомуникациските објекти, резервоарите и останатите објекти за снабдување со вода, планинските куќи и други објекти се исто така изложени и ранливи на опасноста од пожари.

Од извршените анализи на досега случените пожари и превземените мерки на субјектите, процена на загрозеноста од пожари на подрачјето на Општина Кичево е од трет степен. Според анализите на случените настани, профилот на опасноста и изложеноста на елементите на ризикот, пожарите ќе се случуваат со зачестен интензитет и во наредниот период. Последиците од шумските пожари придонесуваат за поголема ранливост кон влијанијата на климатските промени, како што се (намалени количини и недостаток на вода за пиење и наводнување, ерозии на почвата, појава на заразни болести, исчезнување на одредени ендеми од флората и фауната и др.). На подрачјето на општина Кичево процена е дека има способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со пожарите и не се организирани обуки, вежби или некој друг вид на активности за јакнење на капацитетите. Пожарите досега не предизвикале значителна штета на клучната инфраструктура или го нарушиле функционирањето на субјектите на локално ниво. Во случај на шумски пожар, на подрачјето на Општина Кичево интервенираат силите ЈП „Национални шуми“, ПШС „Лопушник“ Кичево, ТППЕ – Кичево, ЈП Комуналец, ПП Единицата во РЕК Осломеј.

## *4.5 Поплави*

Подрачјето на Општина Кичево располага со богат хидрографски потенцијал сочинет од: сливот на Треска и притоките Ехловечка, Иванчишка, Лопушничка и Попоечка река кои во летните месеци ја губат водата и реките Студенчица и Беличка река кои се постојани во текот на годината; Зајашка река во која се влева Бачишка река и некои други помали потоци; и река Темница формирана од Поповјанска и Туинска река и која пред градот се влева во Зајашка река. Во градот Кичево карактеристични се пороите Сушица и каналот Ивани дол, како потенцијална опасност за поплавување на градот. Потенцијален извор на загрозување на земјоделското земјиште е системот за наводнување на потегот од селата Другово- Манастирско Доленци- Србјани- Карбуница- Староец- Вранештица- Атишта. Врнежите како причина за поплавите во Кичевскиот

регион се најчести во месеците март-април и наесен октомври-ноември. При обилни и долготрајни дождови доаѓа до надојдување на суводолиците и реките Треска, Бачишка река, Зајашка река, Беличка река. Оваа појава е особено присутна во пролет поради наглото топење на снегот во планините и водостојот нагло се зголемува, особено поради нецелосната регулираност на коритата на реките и останатите водотеци. Анализите на податоците од минатите години покажуваат дека најзагрозени објекти од поплави се:

– објектите во градот во близина на течението на река Зајашка- особено на потегот од ОУ "Санде Штерјоски" до сточниот пазар, како и во делот кај градски стадион и околината на спортската сала "Јанчица";

– станбени куќи во населбата "Варош", особено на ул „29-ти Ноември";

– Магистралниот пат А2 во близина на АД "Жито Караорман" и железничката станица;

– ул. "Рудничка" во близина на старите градски гробишта;

– земјоделско земјиште во делот по течението на р.Треска, на потегот од мостот кај с.Бигор Доленци до с.Атишта;

– земјоделско земјиште во делот по течението на р.Треска, на потегот од мостот кај с.Пополжани до сливот со р.Беличка;

– земјоделско земјиште во делот по течението на р.Беличка, на потегот од раскрсница за манастир Св Пречиста Богородица до вливот на р.Треска, место викано "Павлидол";

– земјоделско земјиште во потегот на Зајашка река во близина на Колари;

– потегот на Бачишка река кај с. Бачишта;

– објекти во долните зони на Зајаз Џума и Зајаз Теќе, Грешница, Колибари и Долно Строгомиште;

– земјоделско површини околу село Стрелци (м.в Гара);

– земјоделско површини околу село Жубрино;

– земјоделско површини околу село Поповјани;

– земјоделски површини околу село Црвивци.

Процената на влијанието на поплавите врз населението покажува дека изложеноста и ранливоста на населението била мала и не предизвикала поголеми нарушувања на животот и здравјето односно не предизвикала смртност и повреди. Нема податоци за регистрирани заразни болести како последица на поплавите на подрачјето на Општина Кичево. Сепак, поплавите ќе се случуваат со зачестен интензитет и во наредниот период. На подрачјето на општината процена е дека нема способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со поплавата и не се организирани обуки, вежби или некој друг вид на активности за јакнење на капацитетите. Досегашните поплави немаат предизвикано загуба во човечки животи. На ефектите од поплавите изложено е подрачјето на општината и ранливи се повеќе видови на елементи на ризикот кои се анализирани и детално претставени – *објекти* - станбени куќи, градежни објекти и др., *инфраструктура* - патишта, улици, мостови, пропусти, одводни канали и др., и *земјоделско земјиште*. Досегашните поплави немаат предизвикано значителни штети на клучната инфраструктура и функционирањето на субјектите на СУК.

## 4.6 Екстремни временски појави

➢ ***Загрозеност од снежни врнежи и снежни наноси*** - Снежните намети, лавини и луњи, како природни метеролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања на секојдневните активности. Интензивните снежни врнежи и снежни наноси на подрачјето на Општина Кичево претставуваат потенцијален извор на загрозување на одвивањето на сообраќајот

преку превоите Стража и Пресека, каде во зимскиот период паѓа снег во висина од 1 и повеќе метар. Исто така може да биде загрозено движењето кон селските населби особено оние кои се на повисока надморска висина. Остатоците од снег на проводниците од далеководите за снабдување со електрична енергија често предизвикуват и кинење на истите како резултат на дополнителна тежина, со што се нарушува и снабдувањето со електрична енергија. Подрачјето на Општина Кичево е претежно ридско планинско, при што планините подолг временски период од годината е под снег и снежни наноси. Ова директно влијае на изложеноста и ранливоста на инфраструктурата од областа на сообраќајот, телекомуникациите и електричните инсталации.Најизложено население на интензивни снежни врнежи и снежни наноси е населението од населените места: Бериково, Парадиште, с.Туин (Калешовци) Ново село, Патеец, Големо Црско, Мало Црско, Јудово, Кладник, Горна Душегубица, Долна Душегубица, Ехлоец, Иванчишта, Јаворец, Кленоец, Лавчани, Малкоец, Букојчани и Тајмиште. Нешто помала е изложеноста на населените места: Белица, Брждани, Видрани, Дупјани, Козица, Козичино, Крушица, Манастирско Доленци, Орланци, Попоец, Прострање, Рбетино, Србица и Цер, а најмала изложеност на населението имаме во рамничарските села.

## *4.7 Загадување*

На подрачјето на општина Кичево загадувањето на почвата, водата и воздухот е присутна во текот на целата година.

- *Загадување на почвата* настанува од употреба на вештачки ѓубрива, хемиски и други отровни материи и таложење на прашина и честички од тешки метали и отровни материи во тврда, течна и гасовита состојба од загадувачите присутни на подрачјето на Општина Кичево.
- *Загадување на воздухот* настанува од гасови и суспендирани честички, прашина од индустриски и производни капацитети, особено од РЕК Осломеј, станбени и деловни објекти, возила и др.
- *Загадување на водата* Загадувањето на р. Треска, Зајашка река и Темница настанува од отпад, фекалии, атмосферски води и хемиското третирање на земјоделски површини.

## *4.8 Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните*

Сегашната состојба во однос на појавата и движењето на заразните заболувања, како и начинот и степенот на водоснабдување, урбанизацијата на населените места, степенот на здравствено воспитание на населението и вкупниот развој на превентивната медицинска заштита, имаат непосредно влијание за значително подобрување на санитарно- хигиенската состојба, но и покрај тоа епидемиолошката состојба е константно несигурна. Во групата на заразни болести кај животните, а постои можност истите да се јават и во наредниот период и да предизвикаат штети по луѓето и животните спаѓаат: салмонела, дизентерија, ентероколитис, акутен хепатит (А, Б, Ц, Д), менингитис, ангина стрептокока, бруцелоза, аскарлатина, грип (сезонски, птичји AH1N1) и други болести, антракс, беснило, туберкулоза, чума кај свињата, краста кај овците, лигавка и шап, заразна кривотница кај овците, тифус кај живината, заразна болест кај пчелите, инфективна анемија кај коњите и сл. Во групата паразитски болести кај животните спаѓаат: белодробна стронгилоза, желудечно-цревна стронгилоза, паразитски болести кај пчелите, и сл. Овие болести

имаат експанзивен тек на ширење се развиваат за кратко време во вид на епидемии, а некои од нив и во вид на пандемии.

Лекувањето на животните и превземањето на превентивните мерки се спроведува преку општинските ветеринарни станици и ветеринарни служби. За ефикасно сузбивање на заразните болести кај животните потребен е доволен бројот на ветеринарни лекари, како и опремувањето на ветеринарните инспекции со потребен број на теренски возила и други потребни средства.

На подрачјето на Општина Кичево во минатото се случиле епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните и постои можност истите да се јават и во наредниот период и да предизвикаат штети по луѓето и животните. Позначајни настани се случиле во 1995 год. (од бруцелоза заболеле 124 граѓани), во текот на сезоната 2008/2009 год. (од заушки заболеле 1,107 граѓани), и во 2010/2011 год. 1,006 граѓани заболеле од грипот AH1N1. Исто така, до 2021 год. редовна појава бил епидемијата на сезонски грип, при што бројот на заболени бил секогаш над 1,000. Подрачјето на Општина Кичево од месец март 2020 година е зафатено со болеста КОВИД-19, предизвикувајќи здравствени, економски, образовни, социјални и други последици по населението, стопанските и други субјекти и др. Во перидот до 06 март 2021 год. вкупно заболеле 2,771 граѓани, од кои 114 починале. Со оглед на бројот на население на општината, од оваа заразна болест до сега заболеле 4.88%, а починале 0,2% од вкупниот број на граѓани.




***Табела - Преглед на случаи на КОВИД-19 на подрачјето на Општина Кичево на 11.08.2021***[24]

[24] https://www.arcgis.com/apps/dashboards/2096bd4b051b42948ac3f5747e80c3a5

## 4.9 Други опасности

Како други опасности на подрачјето на општината се сметаат следниве:

- *Температурни разлики и варирања*– зголемени и високи среднодневни температури за време на летните месеци, како и намалени и ниски среднодневни температури во зимските месеци кои имаат влијание врз отпорноста на заедницата. Во зимските месеци може да предизвикаат поплави по затоплувањето и оштетување на водната инфраструктура, а во летните-сушни периоди.
- *Силни ветрови* – Силните ветрови се карактеристични за летните месеци од годината проследени со врнежи од дожд и град. Овие ветрови се многу кратко времетраење и можат да се окарактеризираат како налети на ветер. Предизвикани штети од ветровите на подрачјето на општината се: уништување на лимени покриви, рушење на лимени гаражи, соборување на постари дрвја, рушење на послаби оџаци, носење на керамиди од објекти без заштитени стреи , штети на овошни насади и друго.
- *Поледици и ледени дождови* - Вообичаено се случуваат еднаш годишно и се најизразени во поголемите места при што настанува непороодност на патиштата, отежната сообраќајна комуникација, потенцијални повреди и скршеници на населението и сл.
- *НУС* - Бројот и количината на неексплодираните убојни средства (НУС) и други минско-експлозивни средства тешко може да се предвиди и утврди. Најголем број на НУС се заостанати од Првата и Втората Светска војна, како резултат на воените дејства што се воделе во тој период. Пронајдените НУС според видот се многу различни (рачни бомби, артилериски гранати, авио бомби) и имаат голема експозивна и убиствена моќ и како такви преставуваат опасност за населението и материјалните добра. Заштитата од НУС, како мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра спаѓа во рамките на редовните надлежности и делокругот на работа на Дирекцијата за заштита и спасување. На подрачјето на Општина Кичево нема посебен склад или магацин за чување на НУС, но има уреден терен каде се врши нивно уништување во м.в. „Стари бункери„ во с. Извор.

## 4.10 Проекции за идни можни климатски промени

Врз основа на резултатите од моделирањето направено во рамките на ***Третиот национален план за климатски промени*** од 2014 год.[25] може да се заклучи следното:

- Веројатно е дека ќе има постојано зголемување на температурата помеѓу 2025-2100 година;
- Во споредба со периодот помеѓу 1961 и 1990, предвидените промени за периодот помеѓу 2025-2100 година ќе бидат најинтензивни во најтоплиот период од годината;
- Можно е просечните месечни температури при преодот помеѓу зима и пролет да се израмнат во овој период;
- За периодот помеѓу 2025 и 2100 година се предвидува пад во врнежите, во сите годишни времиња и на годишно ниво, а најголемо намалување ќе има во текот на летото;
- Интензитетот на промените е најголем во најтоплиот дел од годината (во јули и август, можеби и воопшто нема да има врнежи); и
- Во студениот период од годината се предвидува намалување во врнежите од дури 40% од просечните месечни количества.

[25] https://tinyurl.com/x5zw67ht

## 4.11 Матрица на хронични стресови и акутни шокови за подрачјето на Општина Кичево

Оваа матрица е насочена кон разбирање на идните трендови на отпорноста на Општина Кичево, преку поддршка на профилирањето на опасностите и ризиците, разбирањето на изложеноста и ранливоста и на основните фактори на ризикот. Хроничните стресови и акутните шокови[26] наведени во табелата подолу влијаат врз реализацијата на основните функции на општината, како и врз отпорноста на заедницата и граѓаните. Затоа е неопходно да се идентификуваат и последователно преку предвидените мерки и активности да се реагира на нивно намалување.

| ХРОНИЧНИ СТРЕСОВИ | АКУТНИ ШОКОВИ |
|---|---|
| • Промена на демографијата<br>• Недостаток на финансиски средства<br>• Стара и дотраена критична инфраструктура<br>• Квалитет на обезбедување на општински услуги<br>• Недоволна вклученост на НРК во стратешките, програмски и плански документи<br>• Недостаток на интегрирано планирање<br>• Висока стапка на невработеност<br>• Зголемена социјална нееднаквост<br>• Лоши градежни практики<br>• Лоши практики во областа на животната средина<br>• Загадување од РЕК Осломеј и другите индустрии со хазарден потенцијал<br>• Недоволна покриеност со внатрешни и надворешни планови за итни состојби<br>• Климатски промени<br>• Загадување на почвата, водата и воздухот<br>• Асоцијални и криминогени појави<br>• Корупција<br>• Не се вклучени решенија засновани врз природата[27] за намалување на ризикот од катастрофи | • Пожари<br>• Поплави<br>• Суша<br>• Силни ветрови<br>• Екстремни температури<br>• Топлотни бранови<br>• Студени бранови<br>• Невреме проследено со град<br>• Епидемии на заразни болести<br>• КОВИД-19 пандемија<br>• Дефекти на комуникациската и енергетската инфраструктура<br>• Техничко-технолошки инцидент и/или несреќа<br>• Несреќи во сообраќајот<br>• Насилство<br>• Екстремистички акти |

[26] Под хронични стресови се подразбираат кои се повторуваат и ја слабеат урбаната текстура на општините и градовите на континуирана основа, а под акутни шокови се подразбираат настани кои настануваат одеднаш и го нарушуваат функционирањето на општините и градовите.

[27] Решенија засовани на природата (Nature based Solutions) активности за заштита, одржливо управување и обновување на природните или модифицираните екосистеми, кои ефикасно и прилагодливо ги решаваат општествените предизвици (на пр. климатски промени, безбедност на храната и водата или природни катастрофи), истовремено обезбедувајќи ја човековата благосостојба и придобивките од биодиверзитетот. https://www.iucn.org/sites/dev/files/content/documents/adapt_flyer_mac_web.pdf

# 5. СВОТ АНАЛИЗА

| | СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|---|
| **Внатрешни фактори** | • Добра координација на локално и регионално ниво<br>• Меѓуопштинска соработка за намалување на ризици од катастрофи<br>• Искусен и посветен персонал<br>• Постоење на добри практики<br>• Позитивно досие на реализирани одговори на катастрофи и кризи<br>• Подготвени основните процени, програмски и плански документи<br>• Здобиено искуство за време на одговорот на пандемијата на КОВИД-19<br>• Подготвеност за ко-финансирање на мерки и активности за намалување на ризиците од катастрофи | • Недостаток на визија за намалувањето на ризиците од катастрофи<br>• Недоволна вклученост на намалувањето на ризиците од катастрофи во локалните стратешки и плански документи<br>• Недоволно буџетско финансирање на реализацијата на мерки и активности за превенција, ублажување, подготвеност, одговор и опоравок од катастрофи<br>• Недоволно финансирање во одржливоста на критичната инфраструктура<br>• Недоволна вклученост на родовите аспекти во намалувањето на ризиците од катастрофи на локално ниво<br>• Недоволно одржување на постоечката инфраструктура за превенција и ублажување на катастрофи<br>• Недоволно јакнење на свеста за намалувањето на ризикот од катастрофи<br>• Недоволна едукација и обука на населението за заштита и самозаштита при катастрофи<br>• Недостаток на човечки и материјално-технички ресурси |
| | **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Надворешни фактори** | • Посветеноста на Владата за реформи во секторот и за креирање на политики и програми за поддршка на намалувањето на ризиците од катастрофи<br>• Општините е потребно да бидат субјекти кои први ќе обезбедат превенција и први ќе одговорат на кризите и катастрофите<br>• Донесување на новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година<br>• Намалувањето на ризици од катастрофи преку стратешкото планирање се искачува повисоко на агендата на општината во наредниот период<br>• Реализирање на активности за сензибилизација на клучните заинтересирани страни на локално ниво за намалувањето на ризикот од катастрофи<br>• Реализирање на мерки и активности преку регионалните или прекуграничните програми<br>• Воспоставување на партнерство и соработка со приватниот сектор за креирање на локални политики и реализирање на активности за намалување на ризици од катастрофи<br>• Невладиниот сектор и граѓанските организации се едни од клучните субјекти за отпорност на заедницата на катастрофи<br>• Жените и младите можат да бидат агенти на промените за отпорност | • Продолжување на пандемијата на КОВИД-19 и настанување на идни епидемии/пандемии<br>• Изменетите практики на реализирање на активностите како резултат на пандемијата<br>• Влијание на климатските промени<br>• Несоодветни практики во земјоделството, индустријата и сл.<br>• Корупција<br>• Политичка состојба<br>• Недостаток на финансиски средства за реализација на мерки и активности за намалување на ризици од катастрофи<br>• Примарниот фокус е на подготвеноста и одговорот на катастрофи отколку на нивната превенција/ублажување<br>• Недостаток на планови за итни состојби и за продолжено функционирање на општината во случај на катастрофа<br>• Несоодветно урбанистичко планирање<br>• Градежни активности во зоните изложени на опасности<br>• Одлив на стручен кадар од општината и субјектите на системот |

# 6. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Целта на анализата на засегнатите страни е да се обезбеди увид во важноста и влијанието, интересите и потенцијалните улоги на различните групи на засегнати страни во областа на намалувањето на ризици од катастрофи. Последователно, анализата на засегнатите страни се стреми да ги идентификува односите помеѓу заинтересираните страни и како да се инволвираат во процесот на намалување на ризиците од катастрофи, бидејќи истиот е мулти-секторски, продирајќи во надлежностите на повеќе сектори и организации. Впрочем, и прегледот на надлежностите на Општина Кичево во областите на управување со кризи, заштита и спасување, противпожарна заштита и здравствена заштита ја илустрира комплексноста на постојната рамка и потребата за навремена, ефикасна и ефективна координација. Следствено на тоа, со цел да се елаборира интересот и влијанието на заинтересираните страни, истите се групирани во внатрешни, надворешни и други интересни групи.

- ***Внатрешни засегнати страни*** – ЕЛС, ЈП, подрачни единици на министерства, управни органи и организации, државни органи или со еден збор сите органи кои во текот на реализацијата на надлежноста и работните активности соработуваат или зависат од работата на ЕЛС.

- ***Надворешни засегнати страни*** – граѓани, одредени целни групи, невладини организации, општински организации на Црвен Крст, образовни институции, експерти и други институции кои директно или индиректно се засегнати или трпат одредено влијание од работата на ЕЛС, односно од неговите програми и иактивности во областа на намалувањето на ризици од катастрофи.

Последователно, врз основа на оваа рамка се утврдуваат начините на вклучување на засегнатите страни во практичната имплементација на стратешкиот план со нивни соодветни обврски, одговорности и придонес за реализација на идентификуваните мерки и активности, како и каналите за комуникација помеѓу нив, а се со цел за успешно намалување на ризиците од катастрофи.

# 7. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

| | |
|---|---|
| **ВИЗИЈА** | ***Општина Кичево, модерна и економски развиена, отпорна општина која обезбедува одржлив развој и благосостојба на своите граѓани и успешно управува со предизвиците на отпорноста кон катастрофи.*** |
| **МИСИЈА** | ***Развој на стратешки плански документ за подрачјето на Општина Кичево кој го унапредува намалувањето на ризиците од катастрофи обезбедувајќи отпорен и одржлив развој.*** |
| **ГЛАВНА ЦЕЛ** | ***До 2025 година, Општина Кичево е повеќе отпорна на хроничните стресови и акутните шокови со соодветни, локално управувани и одржливи капацитети за превенција и ублажување на ризиците, подготвеност и одговор на катастрофите и отпорен опоравок на заедницата.*** |
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ** | ***Стратешки приоритет 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на отпорни локални политики, мерки и активности за отпорност кон катастрофи***<br>***Стратешки приоритет 2: Инвестиции за отпорност на Општина Кичево***<br>***Стратешки приоритет 3: Подготвено Кичево – Засилена подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи и отпорен опоравок на Кичево*** |
| **ЦЕЛ** | ***Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево има за цел да придонесе за зајакнување на отпорноста на општината кон катастрофи преку подобрување на локалното намалување на ризици од катастрофи преку реализација на дефинирани мерки и активности, со целосна вклученост и поддршка од локалните субјекти и заедницата.*** |
| **ОБЕМ** | ***Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се фокусира на природните катастрофи кои ја загрозуваат Општина Кичево и содржи сет на приоритетни мерки и активности за подобрена превенција, подготвеност, одговор и опоравок, вклучувајќи ја локалната заедница, како и вклучувајќи го намалувањето на ризиците од катастрофи во општинските надлежности и обврски.*** |
| **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** | ***Основите на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се наоѓаат во постоечката законодавна и институционална рамка за управување со намалување на ризици од катастрофи, локалната самоуправа, приоритетите на националните, регионалните и локалните стратешки, програмски*** |

| | |
|---|---|
| | ***и плански документи, како и на глобалната механизми за намалување на ризици од катастрофи и одржлив развој, а на кои Република Северна Македонија е потписничка.*** |
| **ВОДЕЧКИ НАЧЕЛА** | • ***Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се реализира во сите фази на циклусот на намалувањето на ризици од катастрофи;***<br>• ***Целите на стратешкиот план се поврзани со глобалните, националните, регионалните и локалните стратешки документи, програми и планови;***<br>• ***Општина Кичево и субјектите од пристапот за намалување на ризици од катастрофи се примарните движечки сили за зајакнување на отпорноста на заедницата, но планот повикува за вклученост на целото општество т.е. на приватниот сектор, академската заедница, НВО, граѓаните, особено ранливите категории, не оставајќи никој зад себе.***<br>• ***Процесот на идентификација, реализација и следење на активностите е инклузивен;***<br>• ***Пристапот кон реализацијата на стратешките цели и мулти-хазард, мулти-риск и мулти-секторски;***<br>• ***Стратешкиот план за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кичево е ориентиран кон остварување на предвидените резултати со цел за зајакнување на отпорноста на заедницата;***<br>• ***Мерките и активностите кои се реализираат имаат за цел да го спречат или ублажат постоечките, како и настанувањето на нови ризици.*** |

# 8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

## *8.1. Кус осврт*

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево е сеопфатен и инклузивен план за зајакнување на отпорноста кон кризи и катастрофи преку исполнување на неговата главна цел: *До 2025 година, Општина Кичево е повеќе отпорна на хроничните стресови и акутните шокови со соодветни, локално управувани и одржливи капацитети за превенција и ублажување на ризиците, подготвеност и одговор на катастрофите и отпорен опоравок на заедницата.* Последователно, структурата на стратешкиот план се заснова на три стратешки приоритети и осум цели кои ги опфаќаат различните аспекти на намалувањето на ризици од катастрофи кои се присутни на подрачјето на општината. Секоја цел има одреден број

на мерки и активности (50) кои се предвидени за реализација до 2025 година. Стратешкиот план има две фази на реализација:

- *Краткорочна фаза (2022/2023)* која вклучува активности кои се реализираат за време на првата година од реализацијата на планот и имаат за цел да воспостават основи за градење на отпорноста на општината. Тие се однесуваат на одговор на постојните ризици, јакнење на локалните капацитети за НРК, реализација на активности за превенција и ублажување, како и подобра подготвеност на ресурсите и граѓаните.
- *Среднорочна фаза (2024/2026)* која вклучува активности кои ќе се реализираат во останатиот период од важењето на планот и имаат за цел да придонесат за надградување на рамката за отпорност на локалната заедница. Тие се однесуваат на понатамошна институционализација на мерките и активностите за зајакнување на отпорноста, како и поблиско вклучување на НРК во општинскиот развој и планирање.

Стратешките приоритет се идентификувани области чии зададени цели ќе се постигнат преку реализирање на предвидените мерки и активности и сеопфатно ќе придонесат за зајакнување на отпорноста на Општина Кичево. Стратешките приоритети се реални, остварливи и придонесуваат за остварување на главната визија на овој план: *Општина Кичево, модерна и економски развиена, отпорна општина која обезбедува одржлив развој и благосостојба на своите граѓани и е подготвена да управува со предизвиците на отпорноста кон катастрофи.* Тие се идентификувани низ консултативен и инклузивен процес заедно со претставници на заинтересираните страни. Впрочем и нивната реализација ќе биде и понатаму инклузивна во партнерство со субјектите на локално ниво, но и според потребите и способностите на сите граѓани, водејќи сметка ниту еден граѓанин да не биде оставен. Приоритети се засноваат на мерки и активности кои се реални и прагматични и можат да се реализираат врз основа на расположливите средства и ресурси на општината и во партнерство со други општини, субјекти, државните институции, прекуграничната и меѓународната соработка. Секоја приоритет има еднаква важност за општината и нивниот редослед не значи дека со тоа е направена и нивна приоритизација. Со оглед на фактот дека ова е прв план од овој тип, за пристапот на намалување на ризици од катастрофи, задоволителна е и реализацијата на половина од предвидените мерки.

Секоја приоритет има еднаква важност за општината и нивниот редослед не значи дека со тоа е направена и нивна приоритизација. Покрај тоа, во рамките на мерките и индивидуалните активности, се утврдуваат и носителите и генералните партнерски институции. За секоја активност, дадена е индикатор на успешност/очекуван резултат, временска рамка за спроведување, како и проценка на трошоците за нејзино спроведување и потенцијалниот извор на финансирање. Проценката на финансирање е определена на три нивоа – мал буџет: , среден буџет:  и висок буџет: . Дефинирањето на потребните финансиски средства ќе се определува на годишно ниво, преку буџетот на ЕЛС; буџетите на РСМ и другите субјекти, како и донаторското учество.

Покрај тоа, во рамките на мерките и индивидуалните активности, се утврдуваат и носителите и генералните партнерски институции. За секоја активност, дадена е индикатор на успежност/очекуван резултат, временска рамка за спроведување, како и проценка на трошоците за нејзино спроведување и потенцијалниот извор на финансирање.

Списокот на приоритети и цели, вклучително и акцискиот план, се претставени подолу.

| Стратешки приоритети | Стратешки цели |
|---|---|
| **Стратешки приоритет 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на отпорни локални политики, мерки и активности за отпорност кон катастрофи** | Подобрено знаење за намалувањето на ризиците од катастрофи |
| | Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена за подрачјето на општината |
| | Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално ниво |
| **Стратешки приоритет 2: Инвестиции за отпорност на Општина Кичево** | Реализација на структурни и не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи |
| | Граѓаните на Општина Кичево се навремено информирани за ризиците и опасностите и се вклучени во локалната рамка за отпорност |
| **Стратешки приоритет 3: Подготвено Кичево – Засилена подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи и отпорен опоравок на Кичево** | Општина Кичево и нејзините граѓани се подготвени за одговор |
| | Навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи |
| | Осигурување на отпорен опоравок на Општина Кичево и нејзините граѓани |

**Табела – Преглед на стратешки приоритети и цели за Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево**

## *8.2 МАТРИЦА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА ПЕРИОДОТ 2022 – 2026*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на локални политики, мерки и активности за отпорност на катастрофи** | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: Подобрено знаење на локалните субјекти за намалување на ризици од катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.1: Континуирана едукација на општинската администрација и субјектите на локално ниво за подобрено знаење за проценка на ризици и опасности** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **1** | **Редовно спроведување на обуки за општинската администрација и локалните субјекти за намалување на ризици од катастрофи** | • Една обука за проценка на ризици и опасности, вклучувајќи ги и климатските и здравствените ризици;<br>• Онлајн обуки за управување со кризи на веб платформата за учење https://opstinski.mk<br>• Обука за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра;<br>• Обука на општинската администрација за користење на системот за електронска процена. | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ЦУК, ПО ДЗС Кичево, ДЗС, субјекти на локално ниво | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена за подрачјето на Општина Кичево** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.2: Редовно донесување и ажурирање на процените на загрозеност и основните плански документи за намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **2** | **Редовно ажурирање на процени на загрозеност од ризици и опасности** | • Ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кичево еднаш годишно или после секој катастрофален настан;<br>• Ажурирана Процена на загрозеност на Општина Кичево од природни опасности и други несреќи. | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ЦУК, ПО ДЗС Кичево, ДЗС | 2022 – 2026 Годишно | | Буџет на ЕЛС, буџет на ЦУК, буџет на ДЗС |
| **3** | **Донесување и ажурирање** | • Ажуриран План за заштита и | ЕЛС Кичево во соработка со | 2022 – 2026 | | Буџет на ЕЛС, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **на основни плански документи за намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево** | спасување на Општина Кичево од природни непогоди и други несреќи;<br>• Донесен Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за Општина Кичево;<br>• Донесен План за заштита од пожари на подрачјето на Општина Кичево;<br>• Донесен Оперативен план за заштита од природни непогоди во зимски услови;<br>• Донесена годишна Програма за активности на Општина Кичево во областа на противпожарната заштита;<br>• Донесен Оперативен план за заштита од природни непогоди во зимски услови;<br>• Донесен Оперативен план за справување со појава на заразна болест КОВИД-19 кај луѓето;<br>• Донесена Програма за спроведување на општи мерки на заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кичево на годишно ниво. | РЦУК Кичево, ЦУК, ПО ДЗС Кичево, ДЗС, МЖСПП, МЗШВ, МЗ, ЦЈЗ, ТППЕ, ДППД, консултанти | Годишно | | буџет на ЦУК, буџет на ДЗС, буџет на МЖСПП, донатори |
| **4** | **Изработка на мапи на опасности и ризици на Општина Кичево и публикување на [https://kicevo.gov.mk](https://kicevo.gov.mk)** | Изработени се мапи на опасности и ризици за подрачјето на Општина Кичево и се јавно достапни | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ЦУК, ПО ДЗС Кичево, ДЗС, приватен сектор | 2023 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3: Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално ниво** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.3: Вклучување на намалувањето на ризици и катастрофи во клучните сектори на локално ниво** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **5** | **Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи на локално ниво** | • Подготвени вертикални и хоризонтални обрасци за стратешко планирање; | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ЦУК, ПО ДЗС Кичево, ДЗС, МЖСПП, | 2022<br>2023 | | Буџет на ЕЛС, Буџет на донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | • Реализирана обука на општинската администрација за вклучување на НРК во стратешките и развојните програми, планови и клучни сектори;<br>• Донесени приоритетни стратешки програмски и развојни документи од клучните сектори со вклучено намалување на ризици од катастрофи. | МЗШВ, МТВ, ИДСЦС, донатори | 2024<br>2025<br>2026 | | |

| Стратешки приоритет 2: Инвестиции за отпорност на Општина Кичево | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1: Реализација на структурни и не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 2.1.1: Реализација на структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **6** | **Реализирање на структурни мерки за противпожарна заштита** | • Изградени се просеки за заштита од ширењето на шумските пожари;<br>• Изградени се зафати на водотеците во шумските предели за обезбедување на вода за гасење;<br>• Применети се решенија засновани врз природата за противпожарна заштита | ЕЛС Кичево во соработка со НШ ШС Лопушник, ЈП, ПО ДЗС, ТППЕ | 2023, 2024, 2025,2026 | | Буџет на НШ ШС Лопушник, донатори |
| **7** | **Изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција при пожари** | Изведена е хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција при пожари на селектирани општински објекти и јавни површини | ЕЛС Кичево во соработка со ТППЕ, ЈП, ПО ДЗС, субјекти на локално ниво | 2024, 2025, 2026 | | Буџет на ЕЛС, буџет на субјекти на локално ниво, донатори |
| **8** | **Реализирање на структурни мерки за заштита од поплави** | • Проширени се речните корита и бреговите се исчистени на критичните места;<br>• Уредени се речните корита и бреговите на жешките точки.<br>• Применети се решенија засновани врз природата за заштита од поплави | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, ПО ДЗС Кичево, МЗШВ, МЖСПП | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **9** | **Чистење и уредување на поројните канали** | • Поројните водотеци и канали на критичните места се исчистени и | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, ПО ДЗС Кичево, МЗШВ, | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | уредени<br>• Применети се решенија засновани врз природата за заштита од поројни поплави | МЖСПП | | | донатори |
| 10 | **Чистење и уредување на отворените канали за наводнување и за одводнување** | • Отворените канали за наводнување и одводнување на критичните места се исчистени и уредени. | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, ПО ДЗС Кичево, ЈП Водостопанство, МЗШВ, МЖСПП | 2022 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, буџет на ЈП Водостопанство, донатори |
| 11 | **Зајакнување (ретрофит) за заштита од интензивни снежни врнежи на приоритетни објекти во општинска сопственост (општинска зграда, училишни згради, градинки и сл.)** | • Најмалку 2 идентификувани приоритетни објекти во општинска сопственост се заштитени од обилни снежни врнежи. | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, МОН, МТСП, донатори | 2024, 2025, 2026 |  | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| 12 | **Инсталирање и редовно одржување на панична инсталација (светилки, сирени и сл.) и инфраструктура за итни состојби (евакуациони знаци, табли, патокази и сл.)** | • Панична инсталација и инфраструктура за итни состојби е инсталирана и редовно одржувана во сите објекти во општинска сопственост на подрачјето на Општина Кичево. | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ОО ЦК Кичево, МОН, МТСП, донатори | 2022 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, буџет на локални субјекти, донатори |
| 13 | **Обезбедување и инсталација на панична инсталација и детектори за чад и јаглерод моноксид за домовите на лицата од ранливите категории на граѓани** | • Најмалку 200 домаќинства на лица од ранливите категории на граѓани имаат панична инсталација и вградени детектори за чад и јаглерод моноксид | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево, ОО ЦК Кичево, МОН, МТСП, донатори | 2022 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **МЕРКА 2.1.2: Реализација на не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 14 | **Реализирање не-структурни работи за заштита од пожари** | • 20 информативни табли за забрана на палење на стрништа се поставени на жешките точки; | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, РЦУК, ПО ДЗС, ТППЕ Кичево, НШ ШС Лопушник | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 |  | Буџет на ЕЛС, буџет на ЈП, донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | • 30 информативни табли за опасност од шумски пожари/забрана за палење на оган на жешките точки се поставени;<br>• Редовно отстранување на тревата и вегетацијата покрај локалните сообраќајници;<br>• Изработени се потребните проекти за противпожарна заштита и хидрантска мрежа<br>• Изработка на проекти според решенија засновани врз природата | | | | |
| 15 | **Реализирање на не-структурни работи за заштита од поплави** | • Обележување на поплавниот бран низводно од високите брани во загрозените подрачја.<br>• Изработка на планска/проектна документација за уредување/проширување на речни корита и порои според приоритетна програма;<br>• Изработка на планска и проектна документација за уредување на отворените канали за наводнување и за одводнување.<br>• Изработка на проекти според решенија засновани врз природата | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП Водостопанство, МЗШВ, МЖСПП, ЈП, приватен сектор | 2023, 2024, 2025, 2026 |  | Буџет на оператори на брани |
| 16 | **Пошумување на голини и јавни простори за заштита од ерозија, силни ветрови и сл.** | • Реализирање на редовни активности за пошумување на голините и јавните простори според решенија засновани врз природата. | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, НШ ШС Лопушник, приватен сектор | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 |  | Буџет на ЕЛС, ЈП, НШ ШС Лопушник, приватен сектор, донатори |
| 17 | **Мониторинг над загадувањето на воздухот, водата и почвата од операторите со Б еколошка дозвола** | Реализирање на редовен мониторинг | ЕЛС Кичево, ЦЈЗ ОЕ Кичево | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 |  | Буџет на ЕЛС, ЈП, ЦЈЗ ОЕ Кичево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | **Заштита на земјоделските имоти од временски непогоди** | • Едукативни настани за осигурување на земјоделските површини;<br>• Примена на систем капка по капка за заштеда на вода;<br>• Заштита на посевите од град со поставување на заштитни мрежи | ЕЛС Кичево во соработка со МЗШВ, АПРЗ, МЖСПП, ЦУК, приватен сектор, академија | 2023, 2024, 2025, 2026 континуирано | | Буџет на донатори |
| 19 | **Изработка на планска и проектна документација за зајакнување (ретрофит) за заштита од интензивни снежни врнежи на приоритетни објекти во општинска сопственост** | • Планската и проектната документација е изработена според приоритетната листа на инвестиции. | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, донатори | 2023, 2024, 2025, 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| 20 | **Редовна проценка на степенот на заштита од пожари и други опасности на домаќинствата на лицата од ранливите категории на граѓани** | • Проценка на степенот на заштита од пожари на најмалку 200 домаќинства на лица од ранливите категории на граѓани. | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, ТППЕ Кичево, ПО ДЗС Кичево | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| 21 | **Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавните површини и установи** | • Реализирана дезинфекција на јавните површини и установи според потребите на одоговорот на КОВИД-19;<br>• Реализирана дезинсекција и дератизација за превенција од векторски преносливи болести и зоонози. | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, ЦЈЗ ОЕ Кичево | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на ЈП, донатори |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2: Граѓаните на Општина Кичево се навремено информирани за ризиците и опасностите и се вклучени во локалната рамка за отпорност** | | | | | | |
| **МЕРКА 2.2.1: Навремено информирање и активно вклучување на ранливите категории на граѓани во локалната рамка на отпорност** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 22 | **Вклучување на најранливите категории на население кои би биле најмногу погодени од природните катастрофи,** | • Изработена мапа на најранливите категории на граѓани на подрачјето на општината;<br>• Ранливите групи на граѓани се вклучени во подготовката на | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ЈП, општински установи, МТСП, ОО ЦК, донатори | 2023 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **климатските промени и здравствените кризи во намалувањето на ризици од катастрофи со цел за планирање на ефикасна поддршка и помош** | проценките и планските документи;<br>• Реализирани целни активности за јакнење на свеста и знаењето за НРК на ранливите категории на граѓани;<br>• Изработени се 100 планови за заштита и спасување на домаќинствата на лицата со попреченост/лица од ранливите групи на граѓани од подрачјето на општината;<br>• Најмалку 100 лица со попреченост/од ранливите групи на граѓани учествувале во едукација за заштита и самозаштита. | | | | |
| **МЕРКА 2.2.2: Континуирано информирање и едукација на населението од Општина Кичево** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **23** | **Имплементирање на активности за информирање и едукација на населението за намалување на ризици од катастрофи** | • Пристапување на Општина Кичево на иницијативата на УНДРР *Make Cities Resilient* (Да ги направиме градовите отпорни) https://mcr2030.undrr.org/<br>• Еднаш годишно, на 13ти октомври на Меѓународниот ден за намалување на ризици од катастрофи се реализира отворен ден на општината и ЈП за средби со граѓани и граѓански иницијативи за НРК;<br>• Редовно се реализирани активности за подигање на јавната свест за НРК и климатските промени преку содржина на општинската веб страница, поставување на илустрирани постери, јавни предавања и др.<br>• Формирани се три тима за врсничка едукација на теми за НРК и климатски | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ОО ЦК, МТСП, донатори | 2023 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | промени и се реализирани активности за подигнување на свеста на младите. | | | | |
| 24 | **Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на Локалниот совет за превенција и советодавните групи граѓани во месните заедници** | • Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на Локалниот совет за превенција;<br>• Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на советодавните групи на граѓани во месните заедници | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево, ОО ЦК Кичево | 2023, 2024, 2025, 2026 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 25 | **Промовирање на Прирачникот за граѓани за управување со кризи** | • Издаден Прирачник за граѓани за управување со кризи и промовиран во заедницата | ЕЛС во соработка со ИДСЦС, ЦУК | 2022 | | Буџет на донатор |
| 26 | **Континуирана промоција на волонтерството и основање на доброволно противпожарно друштво во Општина Кичево** | • Промоција на волонтерството за заштита од пожари;<br>• Утврдување на потребата и формирање на доброволно противпожарно друштво | ЕЛС во соработка со ТППЕ Кичево, ПО ДЗС Кичево | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 | | Буџет на ЕЛС |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Подготвено Кичево – Засилена подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи и отпорен опоравок на Кичево** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1: Општина Кичево и нејзините граѓани се подготвени за одговор** | | | | | | |
| **МЕРКА 3.1.1: Изработка на планска документација за подготвеност** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 27 | **Изработка на план за заштита и спасување на ЕЛС Кичево (општинска зграда и општински установи)** | • Донесен План за заштита и спасување на ЕЛС Кичево (општинска зграда);<br>• Донесени Планови за заштита и спасување на општинските установи и институции на подрачјето на ЕЛС Кичево | ЕЛС Кичево, ЈП, основни училишта, средни училишта, градинка, ПО ДЗС Кичево | 2022 – 2026 | | Буџет на ЕЛС, буџет на општински установи и институции |
| 28 | **Донесување на План за продолжено дејствување** | • За прв пат е донесен План за продолжено дејствување на | ЕЛС Кичево, ЦУК, ДЗС, донатори | 2025 | | Буџет на ЕЛС, донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **(Business Continuity Plan) на ЕЛС Кичево** | ЕЛС Кичево | | | | |
| **29** | **Донесување на Надворешен план за итни (вонредни) состојби** | • Донесен е Надворешен план за итни (вонредни) состојби според Законот за заштита на животната средина | ЕЛС Кичево, ЦУК, ДЗС, донатори | 2024 |  | Буџет на ЕЛС |
| **30** | **Донесување на План за комуникација за време на итни/кризни/вонредни состојби** | • За прв пат е донесен План за комуникација за време на итни/кризни/вонредни состојби | ЕЛС Кичево во соработка со ЦУК, ДЗС, ТППЕ, донатори | 2024 |  | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **МЕРКА 3.1.2: Обезбедување на соодветна опрема и професионална обука и тренинг** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **31** | **Јакнење на капацитетите на членовите на општинскиот штаб за заштита и спасување (со фокус на подобрено командување, координација, комуникација и соработка на локално ниво во рамките на системите за управување со кризи и заштита и спасување)** | • Годишна обука со цел за зајакнување на знаењето и капацитетите на членовите на општинскиот штаб | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево, ЦЈЗ ОЕ Кичево, ОО ЦК Кичево, донатори | 2023, 2025 |  | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **32** | **Зајакнување на капацитетите на просторните сили за заштита и спасување на Општина Кичево** | • Минимумот на потребната опрема и средства е набавен;<br>• Реализирана е професионална обука и тренинг на просторните сили | ЕЛС во соработка со ПО ДЗС Кичево, ДЗС, ТППЕ Кичево | 2023 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **33** | **Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Кичево** | • Минимум на потребната опрема е набавен;<br>• Реализирана е професионална обука и тренинг на ТППЕ | ЕЛС во соработка со ПО ДЗС Кичево, ДЗС, ТППЕ Кичево | 2023 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **34** | **Редовна обука на претставници на ЕЛС Кичево за користење на ИКТ алатки за намалување на ризици од катастрофи** | • Клучните лица од ЕЛС Кичево се обучени за користење на МКФФИС алатката;<br>• Клучните лица од ЕЛС | ЕЛС Кичево со поддршка на РЦУК Кичево и ЦУК | 2023, 2025 |  | Буџет на ЕЛС, буџет на ЦУК |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Кичево се обучени за користење на НИКС алатката. | | | | |
| **35** | **Обука за комуникација во услови на катастрофа или криза за лицата задолжени за комуникација и за членовите на општинскиот штаб** | • Клучните лица се обучени за успешна и ефикасна комуникација во услови на катастрофа или криза | ЕЛС Кичево со поддршка на ЦУК, ДЗС, донатори | 2024, 2026 | | Буџет на ЕЛС, буџет на донатори |
| **МЕРКА 3.1.3: Реализација на активности за подготвеност на граѓаните на Општина Кичево** | | | | | | |
| **36** | **Реализирање на обуки, симулациони вежби и вежби за евакуација на граѓаните во месните заедници во услови на пандемија** | • Најмалку 4 обуки, симулациони вежби или вежби за евакуација се реализирани во најизложените месни заедници | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, општински установи, РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево, ОО ЦК Кичево, ИМП, МВР ОВР Кичево, локални субјекти | 2023, 2024, 2025, 2026 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **37** | **Реализирање на редовни активности за подготвеност и одговор на катастрофи во јавни установи (на пр. општински објекти, училишта, градинки и сл.) во Општина Кичево, вклучувајќи обуки, симулациони вежби и вежби за евакуација со учество на локалните ресурси во итни ситуации и во услови на пандемија** | • Редовна реализација на вежби во општинските установи во услови на пандемија и во услови по завршувањето на пандемијата | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, општински установи, РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево, ОО ЦК Кичево, ИМП, МВР ОВР Кичево, локални субјекти | 2023 – 2026 | | Буџет на ЕЛС, буџет на општински установи, донатори |
| **38** | **Едукација на населението изложено на ризици во жешките точки** | • Фокусирана едукација на изложеното население на ризикот од шумски пожари, пожари на објекти и поплави. | ЕЛС Кичево со ЈП, ТППЕ Кичево, ПО ДЗС Кичево, | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **39** | **Фокусирано јакнење на знаењето и капацитетите за подготовка и одговор на ранливите категории на граѓани (жени, млади, постари лица, лица со посебни потреби и др.)** | • Фокусирана едукација за подготвеност и одговор на ранливите категории на граѓани | ЕЛС Кичево со ЈП, ТППЕ Кичево, ПО ДЗС Кичево, ОО ЦК Кичево | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **40** | **Континуирано јакнење на знаењето и јавната свест за** | • Реализирање на здравствена едукација со | ЕЛС Кичево со ЈП, ТППЕ Кичево, ПО ДЗС Кичево, ЦЈЗ | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **здравствената заштита и здравствените кризи на локално ниво, со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани.** | посебен осврт на ранливите категории на граѓани | ОЕ Кичево, ЈЗУ ЗД Кичево | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2: Навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 3.2.1: Организација на итен одговор на Општина Кичево** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **41** | **Определување на патишта и локации за евакуација на граѓаните и обележување на истите** | • Главните патишта и локации за евакуација и собирни места во општината се определени и обележени | ЕЛС Кичево во соработка со ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево | 2023 | | Буџет на ЕЛС |
| **42** | **Засилена контрола на квалитетот на водата за пиење од водоводите и проверка на водата од природните извори во случај на заматување, и други елементарни непогоди** | • Реализирање на зачестени контроли на квалитетот на водата за пиење од водоводите и проверка на водата од природните извори | ЦЈЗ ОЕ Кичево во соработка со ЕЛС Кичево и ЈП | 2022, 2023, 2024, 2025, 2026 по потреба | | Буџет на ЕЛС, буџет на ЦЈЗ ОЕ Кичево |
| **43** | **Редовно информирање на населението** | • Редовно информирање преку подготвени соопштенија, за локални медиуми, социјални мрежи и сл. | ЕЛС Кичево во соработка со РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ЦЈЗ ОЕ Кичево | 2022 – 2026 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **44** | **Доставување на заштитна опрема за КОВИД-19 за ранливите категории на граѓани** | Редовно доставување на заштитна опрема (на пр. заштитни маски, средства за дезинфекција, заштитни ракавици и сл.) за КОВИД-19 за ранливите категории на граѓани | ЕЛС Кичево, во соработка со ОО ЦК Кичево, ЈП, приватен сектор | 2022, 2023 | | Буџет на ЕЛС, донатори, приватен сектор |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.3: Осигурување на отпорен опоравок на Општина Кичево и нејзините граѓани** | | | | | | |
| **МЕРКА 3.3.1: Воспоставување на систем за брзо и точно утврдување на штетите и потребите на населението** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | **Воспоставување на база на податоци на Општина Кичево за штети, загуби и потреби на погоденото население** | • База на податоци за штети, загуби и потреби на погоденото население е воспоставена во дигитална форма | ЕЛС Кичево, ПО ДЗС Кичево, РЦУК Кичево, ТППЕ Кичево, ОО ЦК Кичево | 2024 |  | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 46 | **Проценка на потребите на населението после катастрофа со осврт на потребите на ранливите групи на население (жени, млади, стари, лица со посебни потреби и др.)** | • Потребите на населението се проценети непосредно по катастрофалниот настан | ЕЛС Кичево, ПО ДЗС Кичево, ОО ЦК Кичево, меѓународни организации, НВО | 2023 – 2024 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, Влада на РСМ, ЦК, МТСП, донатори |
| 47 | **Обезбедување на итни потреби на населението после катастрофа со осврт на потребите на ранливите групи на население (жени, млади, стари, лица со посебни потреби и др.)** | Потребите на населението се обезбедени непосредно по катастрофалниот настан | ЕЛС Кичево, ПО ДЗС Кичево, ОО ЦК Кичево, меѓународни организации, НВО | 2022 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, Влада на РСМ, МТСП, ЦК, донатори |
| 48 | **Редовно проценување на настанатите штети од страна на Општинската комисија за процена на штети после елементарни непогоди** | Општинската комисија за процена на штети после елементарни непогоди навремено, ефективно и ефикасно ја спроведува постапката | ЕЛС Кичево | 2022 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС |
| **МЕРКА 3.3.1: Реализирање на активности за отпорен опоравок на населението на Општина Кичево** | | | | | | |
| 49 | **Реализирање на мерки за ревитализација после настанати катастрофални настани** | • Ревитализацијата после шумски пожари, пожари на отворено и на објекти поплави и други опасности. | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, РЦУК Кичево, ПО ДЗС Кичево, ТППЕ Кичево, НШ ШС Лопушник, ЦЈЗ ОЕ Кичево, сопственици на земјиште, сопственици на објекти, приватен сектор | 2022 – 2026 континуирано |  | Буџет на ЕЛС, ЈП, донатори |
| 50 | **Отпорна рехабилитација на објекти погодени од катастрофален настан според начелото Изгради повторно подобро** | • До 2024 година 2 објекти во сопственост на општината се рехабилитирани или реконструирани | ЕЛС Кичево во соработка со ЈП, ДЗС, ЦУК, Влада на РСМ, надлежни министерства, донатори | 2024, 2025, 2026 |  | Буџет на ЕЛС, Буџет на РСМ, донатори |

# 9. РЕАЛИЗИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## *9.1 Реализирање на стратешкиот план*

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за периодот 2022 – 2026 година ќе биде реализиран од страна на општинската администрација на Општина Кичево во координација со Градоначалникот и Советот на општината и партнерство и соработка со останатите субјекти на системот за управување со намалувањето на ризиците од катастрофи на локално и национално ниво. Од страна на Градоначалникот ќе биде назначен координатор на реализацијата на стратешкиот план (најчесто тоа е лицето кое ги исполнува задачите и обврските од управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи) и тој/таа во соработка со останатите делови на општинската администрација ќе обезбеди:

- Во соработка со градоначалникот ќе го определи тимот/работната група за реализација на планот;
- Практично имплементирање на активностите од акцискиот план преку координација на реализацијата на планските активности;
- Следење и известување за реализацијата на планот, како на ниво на посебни мерки и целини, така и на ниво на целиот план;
- Иницирање постапка за ажурирање на планот;
- Подготовка на квартални и годишни извештаи за реализацијата на планот до Советот на општината, Градоначалникот, донаторите и партнерските организации;
- Ќе врши и други работи определени од страна на градоначалникот и советот на општината кои се потребни за реализација на планот.

За успешна, навремена и ефикасна реализација на стратешкиот план потребно е да се обезбедат неопходните човечки и финансиски ресурси

- ***Финансиски ресурси*** – Во согласност со акцискиот план, општината е неопходно навремено да ги планира финасиските средства кои се предвидени за реализација на мерките и активностите првенствено преку сопствениот буџет, но имајќи во предвид дека истиот е ограничен, преку изнаоѓање на средства од други извори на пр. државен буџет, национални и регионални програми, мултилатерални и билатерални донатори, европски и др. фондови.

- ***Човечки ресурси*** – Реализацијата на стратешкиот план ќе се спроведе со учество на постојниот персонал на општинската администрација, особено на лицата задолжени за намалувањето на ризици од катастрофи. Сепак, во планот се предвидени и мерки и активности за градење на капацитетите на општинската администрација во наредниот период, паралелно со имплементацијата на истите, како во поглед на тематската област, така и во поглед на стекнување на знаења и вештини од раководење со проекти, пристап до фондови и сл.

## 9.2 Следење и евалуација на стратешкиот план

Системот за следење и евалуација е составен дел од процесот на стратешкото планирање и обезбедување поддршка во постигнувањето на стратешките цели на планот, следење на напредокот на неговата реализација, утврдување на постојните предизвици и постигнати резултати, заедно со обезбедување на мерки и активности од планот, како и рефлектирање на стекнатото искуство и научените лекции. Последователно овој систем за следење и евалуација се воспоставува според постоечката рамка за следење и евалуација на програми и проекти на локално ниво. Со цел да се следат постигнувањата на планот, просечно достапните вредности од 2020 год. ќе се користат како основни индикатори. Ажурирањето на вредностите може да се изврши за време на среднорочната ревизија на планот пред истекот на втората година од неговото донесување.

Следењето на планот се однесува на систематско собирање и обработка на податоци што можат да бидат корисни за подобрување на процесот на донесување на одлуки, информирање на засегнатите страни и осигурување на нивниот придонес, како и идентификување на напредокот на остварувањето на мерките и активностите, идентификување на застои и донесување на стратегии за надминување на истите, како и соодветно ажурирање на акциската рамка на планот.

Се планира да има две евалуации на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за Општина Кичево и тоа на неговите стратешки цели и на постигнатите резултати - среднорочна евалуација по истекот на втората година од донесувањето на планот и крајна евалуација по во последните три месеци од истекот на четвртата година од донесувањето на планот. Евалуацијата ќе ги земе во предвид не само индикаторите од планот, туку и пошироките индикатори од областа на управување со намалувањето на ризици од катастрофи и одржливиот развој на општината. Соодветната методологија за евалуација ќе ја примени надлежниот евалуатор. Евалуацијата се препорачува да ја изврши субјект за надворешна проценка.

Реализацијата и следењето на исполнувањето на планот ќе биде спореведено од страна на надлежната администрација на општината, назначена од страна на градоначалникот. Последователно ќе се подготвуваат годишни извештаи за напредокот на реализирањето, како и соодветно ажурирање на планот доколку е потребно по основ на дополнителни активности или граѓански иницијативи кои би можеле да се реализираат во предвидената временска рамка.

## *9.3 Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Кичево – Рамка за следење*

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на локални политики, мерки и активности за отпорност на катастрофи** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: Подобрено знаење на локалните субјекти за намалување на ризици од катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.1: Континуирана едукација на општинската администрација и субјектите на локално ниво за подобрено знаење за проценка на ризици и опасности** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **Индикатори** | **Посакувана цел** | **Фреквенција на следење** | **Извор на верификација** |
| 1 | **Редовно спроведување на обуки за општинската администрација и локалните субјекти за намалување на ризици од катастрофи** | • Една обука за проценка на ризици и опасности, вклучувајќи ги и климатските и здравствените ризици;<br>• Онлајн обуки за управување со кризи на веб платформата за учење https://opstinski.mk<br>• Обука на општинската администрација за користење на системот за електронска процена. | • Број на учесници на обука за проценка на ризици и опасности;<br>• Број на учесници на онлајн обука;<br>• Број на учесници на обука за користење на систем за ел. процена | • 8 учесници на обука за проценка на ризици и опасности;<br>• 20 учесници на онлајн обука;<br>• 5 учесници на обука за користење на систем за ел. процена | Годишно | • Курикулум за обука;<br>• Веб-лог од онлајн платформа;<br>• Извештај за обука;<br>• Сертификати за обука |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена за подрачјето на општина Кичево** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.2.1: Редовно донесување и ажурирање на проценките на загрозеност и основните плански документи за намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Кичево** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **Индикатори** | **Посакувана цел** | **Фреквенција на следење** | **Извор на верификација** |
| 2 | **Редовно ажурирање на процени на загрозеност од ризици и опасности** | • Ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кичево еднаш годишно или после секој катастрофален настан;<br>• Ажурирана Процена на загрозеност на Општина Кичево од природни опасности и други несреќи. | • Тековно ажурирање на двете процени. | • Проценките на загрозеност се редовно или по потреба ажурирани | Годишно | • Објавени процени на загрозеност;<br>• Одлуки за ажурирање на процени;<br>• Одлука за донесување на проценките од страна на Советот на општината:<br>• Службен гласник на општината. |
| 3 | **Донесување и ажурирање на основни плански документи за намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина** | • Ажуриран План за заштита и спасување на Општина Кичево од природни непогоди и други несреќи;<br>• Донесен Оперативен план за | • Тековно донесување или ажурирање | • Основните плански документи се донесени или редовно се ажурирани | Годишно | • Објавени основни плански документи;<br>• Одлуки за донесување/ажурирање на основни плански |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кичево** | заштита и одбрана од поплави за Општина Кичево;<br>• Донесен План за заштита од пожари на подрачјето на Општина Кичево;<br>• Донесен Оперативен план за заштита од природни непогоди во зимски услови;<br>• Донесена годишна Програма за активности на Општина Кичево во областа на противпожарната заштита;<br>• Донесен Оперативен план за заштита од природни непогоди во зимски услови;<br>• Донесен Оперативен план за справување со појава на заразна болест КОВИД-19 кај луѓето;<br>• Донесена Програма за спроведување на општи мерки на заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Кичево на годишно ниво. | | | | документи;<br>• Одлука за донесување на основните плански документи од страна на Советот на општината;<br>• Службен гласник на општината. |
| 4 | **Изработка на мапи на опасности и ризици на Општина Кичево и публикување на** [kicevo.gov,mk] | Изработени се мапи на опасности и ризици за подрачјето на Општина Кичево и се јавно достапни | • Број на мапи на опасности и ризици | • Публикувани се 4 мапи за 4 опасности и ризици | Годишно | • Објавени мапи на опасности и ризици;<br>• Веб страна на општината. |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3: Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално ниво** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.3.1: Вклучување на намалувањето на ризици и катастрофи во клучните сектори на локално ниво** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **Индикатори** | **Посакувана цел** | **Фреквенција на следење** | **Извор на верификација** |
| 5 | **Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи на локално ниво** | • Подготвени вертикални и хоризонтални обрасци за стратешко планирање;<br>• Реализирана обука на општинската администрација за вклучување на НРК во стратешките и развојните програми, планови и клучни сектори;<br>• Донесени приоритетни стратешки | • Публикација за вертикални и хоризонтални обрасци;<br>• Број на обуки за општинската администрација;<br>• Број на обучени општински службеници;<br>• Број на | • Публикувани се вертикалните и хоризонталните обрасци;<br>• Реализирана е обуката на општинската администрација;<br>• 8 стручни лица се | Годишно | • Објавени вертикални и хоризонтални обрасци;<br>• Извештај од обука;<br>• Потврда за учество на обука;<br>• Одлука за донесување на два стратешки/програмски/ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | програмски и развојни документи од клучните сектори со вклучено намалување на ризици од катастрофи | стратешки/програмски/плански документи од два клучни сектори | обучени;<br>• Три стратешки/програмски/плански документи од три клучни сектори. | | плански документи од два клучни сектори;<br>• Службен гласник на општината |

| **Стратешки приоритет 2: Инвестиции за отпорност на Општина Кичево** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1.: Реализација на структурни и не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 2.1.1: Реализација на структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **Индикатори** | **Посакувана цел** | **Фреквенција на следење** | **Извор на верификација** |
| **6** | **Реализирање на структурни мерки за противпожарна заштита** | • Изградени се просеки за заштита од ширењето на шумските пожари;<br>• Изградени се зафати на водотеците во шумските предели за обезбедување на вода за гасење.<br>• Се применува пристапот на решенија засновани врз природата. | • Број на локации<br>• Должина во метри на изградени пресеки.<br>• Број на изградени зафати;<br>• Волумен на зафатена вода. | • Зајакната заштита од шумски пожари според приоритети за дејствување. | Годишно | • Техничка документација;<br>• Градежна книга/дневник;<br>• Извештај за работите. |
| **7** | **Изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција при пожари** | Изведена е хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција при пожари на селектирани општински објекти и јавни површини | • Должина во м на хидрантска мрежа;<br>• Број на хидранти/приклучоци;<br>• Број на објекти со хидрантска мрежа. | • Зајакната заштита од пожари во урбан простор. | Годишно | • Техничка документација;<br>• Градежна книга/дневник;<br>• Извештај за работите. |
| **8** | **Реализирање на структурни мерки за заштита од поплави** | • Проширени се речните корита и бреговите се исчистени на критичните места;<br>• Уредени се речните корита и бреговите на жешките точки.<br>• Се применува пристапот на решенија засновани врз природата. | • Број на критични места;<br>• Должина во метри на исчистени, уредени речни корита и брегови. | • Зајакната заштита од поплави преку одржување на постојната и инвестирање во нова инфраструктура. | Годишно | • Техничка документација;<br>• Градежна книга/дневник;<br>• Извештај за работите. |
| **9** | **Чистење и уредување на поројните канали** | • Поројните водотеци и канали на критичните места се исчистени и уредени<br>• Се применува пристапот на решенија засновани врз природата. | • Број на критични места;<br>• Должина во метри на исчистени и уредени поројни водотеци и канали. | • Зајакната заштита од поплави преку одржување на постојната и инвестирање во нова инфраструктура. | Годишно | • Техничка документација;<br>• Градежна книга/дневник;<br>• Извештај за работите. |
| **10** | **Чистење и уредување на отворените канали за** | • Отворените канали за наводнување и одводнување на | • Број на критични места;<br>• Должина во метри на | • Зајакната заштита од поплави преку | Годишно | • Техничка документација; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **наводнување и за одводнување** | критичните места се исчистени и уредени. | исчистени и уредени канали. | одржување на постојната и инвестирање во нова инфраструктура. | | • Градежна книга/дневник;<br>• Извештај за работите. |
| 11 | **Зајакнување (ретрофит) за заштита од интензивни снежни врнежи на приоритетни објекти во општинска сопственост (општинска зграда, училишни згради, градинки и сл.)** | • Најмалку 2 идентификувани приоритетни објекти во општинска сопственост се заштитени од силни ветрови. | • Вид на објекти;<br>• Вкупна зајакната површина. | • Зајакната заштита на приоритетните општински објекти од силни ветрови. | Годишно | • Техничка документација;<br>• Градежна книга/дневник;<br>• Извештај за работите. |
